romaversitas

ROMA EDUCATION FUND

# ПРОБЛЕМИТЕ И ПОТРЕБИТЕ НА СТУДЕНТИТЕ РОМИ ВО ПРВИОТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ



Издание на:
**Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“**
Скопје, 2017

Автори: Ален Умер, Шенас Имер
Ментори: Елеонора Серафимовска, Дениз Османи

Лектура:
Благојка Здравковска-Адамова

Печати: Полијестердау

Тираж: 20 примероци

Бесплатен/некомерцијален тираж

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје
378-057.8(=214.58)

ПРОБЛЕМИТЕ и потребите на студентите Роми во првиот циклус на студии. - Скопје : Ромаверзитас, 2017. 77 стр. : табели ; 25 см

Фусноти кон текстот. - Содржи и: Анекс
ISBN 978-608-66086-1-3
а) Студии - Роми - Македонија - Прирачници
б) Студентски водичи

COBISS.MK-ID 103871242

Спроведувањето на ова емпириско истражување беше овозможен со финансиска поддршка од Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта, во рамките на проектот „Ромаверзитас – академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија “. Содржината во оваа публикација е одговорност на авторите и не ги одразуваат мислењата и ставовите на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ и на РЕФ.

Август, 2017

# ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Врз основа на потребите на студентите Роми во 2001 година е основана Програмата за образование на Роми – Ромаверзитас како заедничка иницијатива на Фондација Отворено општество – Македонија и на Програмата за поддршка на високото образование (HESP) при Институт Отворено општество – Будимпешта.

Во 2005 година Програмата за образование на Роми – Ромаверзитас финансиски целосно беше поддржана од Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта.

Во 2014 година Програмата за образование на Роми – Ромаверзитас премина во Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ на иницијатива на алумни на Програмата за образование на Роми – Ромаверзитас и со целосна финансиска и останата поддршка од Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта.

Основното делување на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ е во насока на зајакнување на личните, академските и на професионалните вештини и капацитети на студентите Роми во Република Македонија. Преку обезбедување лична, академска и професионална поддршка „РОМАВЕРЗИТАС„ прераснува во препознатлив лидер за поддршка и за развој на проактивни и квалитетно едуцирани Роми кои ја застапуваат ромската заедница и активно се вклучени во процесите на креирање и донесување јавни политики на локално и национално ниво.

# АПСТРАКТ

Главната цел на истражувањево е да се пронајдат, да се детектираат највлијателните, најзначајните проблеми кои го оневозможуваат и/или го отежнуваат студирањето и да се откријат потребите на студентите Роми во текот на нивната едукација. Така ќе се понудат решенија, можни стратегии од невладиниот сектор, стратегии и решенија кои би им помогнале во толку важниот процес на наобразба на студентите Роми. Всушност истражувањево служи за да се подобрат условите за студирање на Ромите во високото образование, без разлика на тоа од која природа и поради кој причина се тие, а за да се успее во еден процес на социјализација на потребите за едукација, како и за внатрешна (интринзичка) мотивација за сопствена едукација и наобразба на студентите Роми.

За собирање на информациите се користени методите на интервју и анкетен прашалник. А за анализата на собраните информации беа користени: 1. Интервјуа – беа користени методите на разлика и сложување (усогласување) и аналитичка компарација. 2. Анкети – беа користени дескриптивната статистика, кростабулации со тестот хи-квадрат тест и корелација.

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| 01 \| ВОВЕД | 6 |
| 02 \| ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО | 7 |
| 03 \| МЕТОДОЛОГИЈА | 8 |
| 04 \| ХИПОТЕЗА 1 | 10 |
| 05 \| ХИПОТЕЗА 2 | 25 |
| 06 \|ХИПОТЕЗА 3 | 50 |
| 07 \| ХИПОТЕЗА 4 | 66 |
| 08 \| ЗАКЛУЧОЦИ | 16 |
| 09 \| ПРЕПОРАКИ | 73 |
| 10 \| АНКЕСИ | 75 |

# ВОВЕД

Темата на микроистражувањево за проблемите и за потребите со кои се соочуваат студентите Роми во текот на своето студирање е актуелна и релевантна зашто на ромската заедница ѝ се потребни што повеќе дипломирани Роми кои ќе можат да ѝ помогнат во нејзиниот развој.

Проблемот со едукацијата на Ромите во Македонија постои и е препознаен како таков. И покрај тоа што и досега се прават успешни чекори во справувањето со него, сепак тоа не значи дека и понатаму не треба да се вложува во истата насока. Затоа, главното истражувачко прашање гласи: **Кои се проблемите и потребите на студентите Роми во првиот циклус на студирање?** Се претпоставува дека потребите на студентите во текот на студирањето ќе може да се откријат и да се „дијагностицираат" преку препознавање на причините кои тие ќе ги наведат како пречки за навремено (и воопшто за) дипломирање. Се смета дека, ако се откријат причините, ќе се воочат вистинските проблеми со кои се соочуваат студентите, како и дека ќе се откријат и потребите во однос на нивното дипломирање. Има сознанија и свесност дека постојат многу тешкотии со кои се соочуваат студентите, а ова истражување кое се планира да се направи ќе помогне точно да се детектираат тие проблеми, јасно да се издиференцираат и да се открие кои негативни фактори се највлијателни врз студирањето на Ромите во високото образование, па оттука да се предвиди и соодветната потребна поддршка.
Дипломираните Роми се оние лица кои можат да го водат развојот на ромската заедница во секој нејзин дел. Потребни се Роми со високо образование од секоја професија бидејќи ромската заедница покажува слабости на секое поле. Колку повеќе се зголемува бројот на академски лица од ромската заедница толку поголеми ќе бидат можностите самата да донесе одлуки кои се најдобри за неа и ќе преземе иницијативи за решавање на проблемите со кои се соочува.

Следствено на тоа се смета дека доколку се исполнат потребите на Ромите студенти и ако се прават обид да се решат проблемите со кои студентите се соочуваат – тоа ќе доведе до што поголем број Роми со високо образование, подготвени да ги вложат своето знаење и своите искуства во современите текови на живеење.

# ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Истражувачка цел**

Главната цел на истражувањево е да се пронајдат, да се детектираат највлијателните, најзначајните проблеми кои го оневозможуваат и/или го отежнуваат студирањето и да се откријат потребите на студентите Роми во текот на нивната едукација.

**Практична цел**

Апликативната димензија на ова истражување е да се понудат решенија, можни стратегии од невладиниот сектор, стратегии и решенија кои би им помогнале во толку важниот процес на наобразба на студентите Роми.

**Главна (виша) цел**

Главната цел на сите овие истражувачки напори на темата е всушност да се подобрат условите за студирање на Ромите во високото образование, без разлика на тоа од која природа и поради која причина да се тие. Притоа, не се мисли само да се понудат решенија за решавање на конкретните проблеми (иако тоа е примарна задача), туку и да се успее во еден процес на социјализација на потребите за едукација, како и за внатрешна (интринзичка) мотивација за сопствена едукација и наобразба на студентите Роми.

**Хипотезата на микроистражувањето**

Истражувањево што е реализирано базично се дефинира како експлоративно (истражувачко), а по дефиниција ваквиот тип истражувања нема хипотези бидејќи сè уште не е испитана појавата за која тие зборуваат.

Но, со оглед на тоа дека постојат некои првични, пред сè несистематски сознанија за испитуваната појава, сепак се поставени неколку работни хипотези, повеќе како водечки насоки во истражувањево.

Општата хипотеза на истражувањево гласи:

***Студентите Роми се соочуваат со одредени незадоволени потреби, како и со проблеми кои го отежнуваат и/или го оневозможуваат процесот на студирање.***

Со оглед на тоа дека со оваа хипотеза се опфатени неколку променливи, дефинирани се неколку помошни хипотези:

**X1.** Недоволните финансиски услови негативно влијаат врз навременото и воопшто врз завршувањето на студиите.

**X2**. Недоволните способности и вештини кои ги поседуваат студентите Роми го отежнуваат и/или го онезвозможуваат процесот на студирање.

**X3.** Домашните услови и околината кај студентите Роми го отежнуваат и/или го онезвозможуваат процесот на студирање.

**X4**. Малите можности за вработувањето на високообразованите Роми во Република Македонија ја намалуваат мотивацијата кај студентите Роми за навременото, а воопшто и за завршувањето на студиите.

**Варијабли и нивна операционализација:**

Како варијабли во ова истражување се издвоени: финансиските услови, способностите и вештините на студентите, домашните услови и околината во која живеат студентите Роми, можностите за вработувањето на високообразованите Роми, како и навременото завршување на студиите. Сите овие варијабли се операционализирани преку соодветно поставени прашања во инструметот – анкетниот прашалник, кој беше креиран за ова истражување.

# МЕТОДОЛОГИЈА

**Истражувачки приод**

Во истражувањево беа тестирани основната и неколкуте потхипотези – соодветно беше користен дедуктивниот метод.

**Методи за прибирање податоци**

Со оглед на тоа дека постојат два вида податоци – примарни и секундарни, во ова истражување се собрани примарни податоци. При собирањето ваков вид податоци се применети двата основни метода: и квантитативниот и квалитативниот метод. Квантитативниот метод значи собирање податоци кои можат нумерички да бидат изразени и тој е употребен преку правењето на теренската анкета. Конструиран е прашалник за потребите на истражувањево што даде одговор на главното истражувачко прашање. Квалитативниот метод, кој подразбира собирање ненумерички податоци, беше употребен преку реализирање длабински интервјуа, кои, пак, даваат суштински одговори за проблемите и за потребите на студентите Роми.

Значи, за собирање на информациите се користени методите на интервју и анкетен прашалник.

Преку интервјуираните лица беа добиени релевантни конкретни информации за тешкотиите со кои се соочуваат студентите Роми во текот на своето студирање. Тие дополнително помогнаа во конструирањето на анкетниот прашалник. Анкетниот прашалник се користи за собирање на информациите за проблемите и за потребите на студентите Роми, и тој ќе биде зададен лице в лице.

**Методи за обработка и за анализа на податоци**

- Анализата на содржината е применета за обработка на квалитативните податоци добиени со интервјуто.

Анализата на содржината се одвиваше преку методите на разлика и сложување. За дел од добиените резултати, наоди, пак, се прикажани преку аналитичка компарација која е поткрепена со статистичка анализа од квантитативните делови на истражувањево.

- Статистички методи – употребени се за обработка на собраните податоци од анкетните прашалници. Употребени се дескриптивната статистика, кростабулации со Хи-квадрат тест и корелација. Обработените податоци се претставени со табели и графикони.

Методот на генерализација беше применет при обидот да се обопштат собраните податоци на примерокот на целата популација на Роми студенти.

**Примерок на микроистражувањето**

Популација за анкетното истражување ***се сите запишани студенти Роми на сите факултети ширум Републиката, на сите студиски години од прв циклус на студии***.

Согласно со формулата за пресметување големина на примерок, согласно со последниот достапен официјален податок за вкупно запишани студенти Роми во РМ (168 студенти од кои 48% се жени во учебната 2015/2016 и 139 студенти се од Скопје, Штип и од Тетово), а со дефинирано ниво на значајност на 95%, и со маргина на грешка 5,3%, бројот на испитани студенти Роми е 99. Примерокот е квотен.




*Слика бр. 1 Број на студенти според година на студии*




*Слика бр. 2 Број на студенти според град на студии*

Анкетирани се 99 студенти (38 студенти во прва година, 25 студенти во втора година, 27 студенти во трета година, 9 студенти во 4 година во градовите Скопје, Штип и Тетово), а прикажано на сликите бр.1 и 2.

Бројот на анкетираните студенти се преземени според податоците што ги имаат од Завод за статистика во однос на тоа колку Роми се запишани во Републиката во учебната 2015/2016 година. Затоа и се одредени категориите и бројот на студентите по тие параметри кои може да се видат во табелата.
Во прилог е и Анекс „Популација на истражување" каде што е наведена табелата со процената на квотите.

Што се однесува до  интервјуата, спроведено е следново: од прва до четврта година се избрани студенти кои најчесто имаат проблеми со преминување во следната година и Роми кои го изгубиле статусот редовен студент зашто не продолжиле да студираат од најразлични причини.

Реализиран број интервјуирани лица – вкупно 11 лица

1. Интервју – студенти од I година (1 студент), II година (1 студент), III година (1 студент), апсолвенти (2 студенти);
2. Интервју – 1 студент кој го напуштил факултетот (заминат во странство);
3. Интервју – 1 дипломиран Ром;
4. Интервју – 1 студент кој е во брак;
5. Интервју – 2 професори кои им предавале на Роми на факултет и 1 асистент (кој бил тутор на студенти).

Главни активности кои беа спроведени во рамките на истражувањево беа:

1. Спроведување интервју со избраните лица;
2. Изготвување анкетен прашалник;
3. Спроведување на прашалникот со студентите;
4. Внесување на податоците во статистичка програма;
5. Анализа на сите податоци;
6. Дизајнирање на извештајот и негово дистрибуирање.

# ХИПОТЕЗА 1

**Беше поставена првата хипотеза која претпоставуваше дека недоволните финансиски услови кај студентите Роми негативно влијаат врз навременото и воопшто врз завршувањето на студиите.**

Од интервјуата и анкетите се сумирани одговорите од прашањата кои ги приближуваат со хипотезата, тврдењето за недоволните финансиски услови кај студентите Роми.

Следува квалитативната анализа на интервјуата со професорите и со студентите за студирањето и работењето. Студентите и професорите одговараа на следниве прашања: **1. Што мислите околу студирањето додека се работи? 2.Како се вработуваат студентите или како сметаат дека можат младите Роми да се вработат?** и **3. Зошто студентот мора да работи?**

*Слика бр. 1 Квалитативна анализа од интервјуата со професорите и студентите*

## СТУДЕНТИ

**СТУДИРАЊЕ И РАБОТЕЊЕ**

- Може да се работи и да се студира во исто време.
- За да се успее и со работата и со студиите, треба добро да се менаџира времето.
- Ако студентот нема оптимални услови за своите трошоци, студентот е принуден и да студира и да работи.
- Студентите од другите градови не може да ги задоволат сите трошоци и покрај стипендијата.
- Студентите од другите градови добиваат поддршка од семејството за сместување и литература.
- Потребите им се задоволуваат во зависност од работното место.

## ПРОФЕСОРИ

**СТУДИРАЊЕ И РАБОТЕЊЕ**

- Потешко е да се работи и да се студира бидејќи треба да се изменаџира преостанатото време за учење надвор од работното време.
- Интелектуалната работа за разлика од мануелната бара повеќе труд, а со тоа студентот повеќе е исцрпен.
- Реалните трошоци не соодветствуваат со можностите на студентите.

**ПРЕПОРАКИ ОД ПРОФЕСОРИТЕ**

- **Да се работи по завршувањето на студиите.**
- **Да се користат на ресурсите од невладините организации за зајакнување на вештините и практичните знаења за да бидат конкурентни на пазарот на труд.**
- **За да се вработат студентите, освен формално потребно им е неформално образование.**

**ТЕШКОТИИ ВО ОДНОС НА РАБОТЕЊЕТО** (студенти)

- Останување прекувремено на работа.
- Скратено време поради обврски на работа и на факултет.
- Факултетот бара да се оди на предавање и нема разбирање за студентите кои работат.
- Студентите се вработуваат преку: пријатели или во домашни бизниси, а најчесто политички.
- Најчесто студентите работат хонорарно во невладин сектор.

**ТЕШКОТИИ ВО ОДНОС НА РАБОТЕЊЕТО** (професори)

- Вработувањето секогаш е поврзано со партиска припадност и со дискриминација врз основа на политичка припадност.
- Најголем проблем кај студентите Роми за вработување е дискриминацијата по етничка основа.

## I СТУДИРАЊЕ И РАБОТЕЊЕ : КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА НА ПРАШАЊАТА ОД АНКЕТИТЕ

### 1. Дали може истовремено да се студира и да се работи?

Следните две табели бр.1-2 ги даваат одговорите на прашањето: Дали може истовремено да се студира и да се работи преку испитување дали студентите можат да запишат семестар и да го организираат времето за учење кога работат.

*Табела бр. 1 Проблеми со кредити за запишување семестар*

| | | Имал или немал проблеми со кредити | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Ниту еднаш до сега | Еднаш или повеќепати | |
| Не работи | Број | 67 | 8 | 75 |
| | % од Не работи | 89,3% | 10,7% | 100,0% |
| Работи | Број | 20 | 4 | 24 |
| | % од Работи | 83,3% | 16,7% | 100,0% |
| Вкупно | Број | 87 | 12 | 99 |
| | % од Работи/Не работи | 87,9% | 12,1% | 100,0% |

Според табелата бр. 1, студентите кои работат немаат проблеми со кредитите за да запишат семестар. 88% од студентите немале ниту еднаш проблеми со кредити. Но 17% од студентите кои работат имале еднаш или повеќепати проблеми со кредити.

Според сликата бр.1 од квалитативната анализа, професорите мислат дека не може да се работи и да се студира во исто време, а за разлика од нив студентите мислат спротивно, односно може да се студира и да се работи во исто време.  Мислењето на студентите од квалитативната анализа на интервјуата се совпаѓа со резултатите од анкетите, резултатите од табелата бр. 1, студентите може да работат и да студираат зашто немаат проблеми со кредити за да запишат нов семестар.

*Табела бр. 2 Организирање на времето за учење*

| | | Имал или немал проблеми со кредити | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Ниту еднаш до сега | Еднаш или повеќепати | |
| Не работи | Број | 67 | 8 | 75 |
| | % од Не работи | 89,3% | 10,7% | 100,0% |
| Работи | Број | 20 | 4 | 24 |
| | % од Работи | 83,3% | 16,7% | 100,0% |
| Вкупно | Број | 87 | 12 | 99 |
| | % од Работи/Не работи | 87,9% | 12,1% | 100,0% |

Според табелата бр.2, студентите кои работат имаат проблем со организирање на времето, и тоа 71% од нив. А само 29% успеваат да го организираат времето за учење. Додека тие што не работат успеваат 44% да го организираат времето за учење и делумно што го организираат времето се 54%. Така што студентите кои работат послабо го организираат времето за учење за разлика од оние кои не работат. Иако и тие што не работат слабо го организираат времето за учење.

Од квалитативната анализа на интервјуата со професорите и со студентите од сликата 1, студентите мислат дека е тешко да се работи и да се биде на факултет затоа што студентите ќе имаат обврски на работа и ќе имаат помалку време за учење. Оттука, се потврдува мислењето на студентите од сликата бр. 1 затоа што се совпаѓа со податоците од табелата бр. 2. Односно 71% од студентите кои работат делумно го организираат времето за учење затоа што имаат обврски на работа и имаат помалку време за учење.

## 2.Дали студентите Роми имаат потреба да работат?

На следнава табела се разгледува дали студентите имаат потреба да работат кога имаат ниски семејни приходи.

*Табела бр. 3 Поврзување на работниот статус со ниските семејни приходи*

| Работи/не работи* Семејни приходи Вкрстување | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Семејни приходи | | | | | Вкупно |
| | | До 6.000 ден. | 6.001 – 12.000 ден. | 12.001 – 18.000 ден. | 18.001 – 25.000 ден. | над 25.000 ден. | |
| Работи/Не работи | Број | 9 | 13 | 26 | 16 | 11 | 75 |
| | % од Работи/Не работи | 12,0% | 17,3% | 34,7% | 21,3% | 14,7% | 100,0% |
| | % од Семејни приходи | 100,0% | 81,2% | 66,7% | 88,9% | 64,7% | 75,8% |
| | Број | 0 | 3 | 13 | 2 | 6 | 24 |
| | % од Работи/Не работи | 0,0% | 12,5% | 54,2% | 8,3% | 25,0% | 100,0% |
| | % од Семејни приходи | 0,0% | 18,8% | 33,3% | 11,1% | 35,3% | 24,2% |
| Вкупно | Број | 9 | 16 | 39 | 18 | 17 | 99 |
| | % од Работи/Не работи | 9,1% | 16,2% | 39,4% | 18,2% | 17,2% | 100,0% |
| | % од Семејни приходи | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Според табелата бр. 3, студентите кои имаат помали семејни приходи, најверојатно немаат поголеми побарувања и немаат големи трошоци заради кои мора да работат. Само 18% од студентите од семејствата со помали приходи до 12.000 денари работат, додека студентите од семејства со поголеми приходи над 12.000 ден., работат 33%. Студентите од семејствата со пониски примања (до 12.000 ден.), кои би требало да работат, не се ангажираат работно за разлика од семејствата на студентите со повисоки примања (над 12.000 ден.) кои повеќе се ангажираат да работат најверојатно поради поголемите трошоци кои ги имаат.

### 3. Колку им е доволна стипендијата на студентите кои студираат во друг град?

На следниве две слики се дадени одговорите на студентите во однос на тоа дали им е доволна стипендијата и на што најмногу ја трошат според нивното место на студирање (град на студии).

*Слика бр. 2 Поврзување на доволна стипендија со град на студии*




Има вкупно 20 студенти кои живеат надвор од местото на живеење и студираат во друг град. 65% (13) од студентите кои живеат надвор од местото на живеење и се во градот каде што студираат се задоволни со стипендијата. 35% (7) од студентите кои живеат надвор од местото на живеење и се во градот каде што студираат не се задоволни со стипендијата.

Според квалитативната анализа на интервјуата со професорите и со студентите од сликата бр. 1, студентите велат дека студентите од другите градови не може да ги задоволат сите трошоци и покрај стипендијата.

Од двете анализи можеме да увидиме дека мислењето на студентите од квалитативната анализа на сликата бр. 1 делумно се совпаѓа со податоците од сликата бр. 2. Поголем дел од студентите, 65%, се задоволни со стипендијата. А 35% не се задоволни со стипендијата зашто не можат да ги покријат сите трошоци со неа.

*Слика бр. 3. Трошење на стипендијата на студентите кои студираат во друг град*



35% (7) од студентите кои живеат надвор од местото на живеење и се во градот каде што студираат не се задоволни со стипендијата. Од нив најмногу стипендијата ја трошат: 2 за школарина (Тетово и Гостивар), 2 за превоз (Гостивар), 2 за сместување (Берово) и еден за пријави за испит (Битола).

Според квалитативната анализа на интервјуата со професорите и со студентите од сликата бр. 1, студентите велат дека студентите од другите градови не може да ги покријат сите трошоци и покрај стипендијата и студентите добиваат поддршка од семејството за сместување и за литература.

Од двете анализи може да се увиди дека повеќе од делумно се совпаѓа мислењето на студентите од квалитативната анализа на интервјуата дадени преку сликата бр. 1 со податоците од сликата бр. 3 Прво, незадоволните студенти не можат да ги покријат сите трошоци со стипендијата и двајца од седуммина студенти ги трошат за сместување што е во согласност со мислењето. Но ниту еден од незадоволните не ја троши најмногу за литература поради што не е во согласност со мислењето на студентите.

### 4. Од каде најчесто имаат приходи студентите Роми?

На следнава табела се разгледуваат одговорите на студентите и се претпоставува од каде е можно најчесто да имаат приходи во текот на нивните студии.

*Табела бр. 4 Приходи на студентите според бројот на волонтерства*

| | | | Број на волонтерства | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Ниту еднаш до сега | Еднаш | 2-3 пати | Повеќепати | |
| Работен статус | Невработен | Број | 40 | 6 | 7 | 22 | 75 |
| | | % од Работен статус | 53,3% | 8,0% | 9,3% | 29,3% | 100,0% |
| | Хонорарец | Број | 6 | 2 | 3 | 8 | 19 |
| | | % од Работен статус | 31,6% | 10,5% | 15,8% | 42,1% | 100,0% |
| | Вработен | Број | 0 | 1 | 3 | 1 | 5 |
| | | % од Работен статус | 0,0% | 20,0% | 60,0% | 20,0% | 100,0% |
| Вкупно | | Број | 46 | 9 | 13 | 31 | 99 |
| | | % од Работен статус | 46,5% | 9,1% | 13,1% | 31,3% | 100,0% |

Според табелата бр. 4, од 24 студенти кои имаат приходи, 19 се хонорарци. Од нив 13 хонорарци се поврзуваат со невладините организации каде што волонтирале. Може да се претпостави дека тие 13 хонорарци имале и приходи од невладините организации. Така што 54% (13) од студентите кои имаат лични приходи (24 студенти) имаат приходи од невладините организации. Од квалитативната анализа на интервјуата од сликата бр. 1, студентите наведоа дека најчесто студентите Роми работат хонорарно во невладиниот сектор.

Резултатите од табелата бр. 4 се совпаѓаат со мислењата на студентите од квалитативната анализа на сликата бр. 1 со тоа дека студентите Роми (13 студенти) најчесто волонтираат во невладиниот сектор, а преку тоа имаат и лични приходи.

### 5. Што мислат студентите Роми што е потребно за да се вработат по студиите?

На следнава табела бр. 5 се прикажани одговорите на студентите што мислат која е причината зошто нема да најдат брзо работа по завршување на студиите.

*Табела бр. 5 Причина за ненаоѓање работа по студиите*

| | | | Причина за ненаоѓање работа | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Работно искуство | Поткуп | Политичка партија | Пријателски/роднински врски | Обуки | Дискриминација | Без одговор | Не е потребен одговор | |
| Работен статус | Невработен | Број | 6 | 0 | 23 | 6 | 1 | 7 | 17 | 15 | 75 |
| | | % од Работен статус | 8,0% | 0,0% | 30,7% | 8,0% | 1,3% | 9,3% | 22,7% | 20,0% | 100,0% |
| | Хонорарец | Број | 1 | 2 | 9 | 2 | 0 | 1 | 2 | 2 | 19 |
| | | % од Работен статус | 5,3% | 10,5% | 47,4% | 10,5% | 0,0% | 5,3% | 10,5% | 10,5% | 100,0% |
| | Вработен | Број | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 | 5 |
| | | % од Работен статус | 0,0% | 0,0% | 20,0% | 0,0% | 0,0% | 20,0% | 20,0% | 40,0% | 100,0% |
| Вкупно | | Број | 7 | 2 | 33 | 8 | 1 | 9 | 20 | 19 | 99 |
| | | % од Работен статус | 7,1% | 2,0% | 33,3% | 8,1% | 1,0% | 9,1% | 20,2% | 19,2% | 100,0% |

Според дадената табела бр. 5, во делот за начинот на вработување, 55% (33 од 60 студенти) од студентите како главен услов за вработување (проблем) е членството во политичка партија. Втора најголема причина како проблем со вработување претставува дискриминацијата со 15%. Потоа со 13,3% и 11,6% следуваат пријателските/роднински врски и немањето работно искуство.

Според квалитативната анализа од интервјуата на слика бр. 1, професорите сметаат дека најголеми проблеми за вработување на студентите Роми се дискриминацијата врз етничка основа, партиската припадност и дискриминацијата според политичка припадност.

Податоците од табелата бр. 5 се во согласност со мислењето на професорите од квалитативната анализа на интервјуата од сликата бр. 1 – најголеми проблеми за вработување на студентите Роми се дискриминацијата врз етничка основа, партиската припадност и дискриминацијата според политичка припадност. Според информациите од табелата бр. 5, други проблеми се пријателските/роднинските врски и работното искуство.

## II СТИПЕНДИЈА

Од интервјуата со студентите и сопрофесорите се сумирани одговорите и се прикажани на двете следни слики бр. 4 и 5. Студентите и професорите одговараа според прашањава: 1. Што мислат за критериумите за добивање стипендија? 2. Дали стигнува информацијата за стипендијата до сите студенти Роми и како може да се спроведе тоа? и 3. Што може да се подобри околу условите за добивање стипендија?

### СТИПЕНДИЈА

| | СТУДЕНТИ | ПРОФЕСОРИ |
|---|---|---|
| **КРИТЕРИУМИ** | • Строги, треба да се намалат бројот на препораките и бројот на положените испити.<br>• Да не бидат само од ромски невладини организации.<br>• Да не се бараат информации за имотната состојба.<br>• Да не се исклучува од стипендија ако нема волонтирано досега.<br>• Да не се враќа стипендијата ако не биле положени доволен број испити. | • Еднаква шанса за сите студенти во поглед на условите за стипендија.<br>• Стипендиите ги мотивираат младите Роми да се запишат на факултет. |
| **ИНФОРМАЦИЈА** | • Не стигнува до сите студенти.<br>• Информацијата да се пренесе преку медиуми и јавен настан навремено.<br>• Надополнување на информирањето преку мејл и социјалните мрежи во јавни групи. | • Информациите стигнуваат до студентите, може да се провери на социјалните мрежи.<br>• Информациите треба да бидат испратени и до заедницата, односно онаму каде што живеат најголем број Роми за да стигне до секое семејство.<br>• Учениците да бидат запознаени со нивните можности за студирање, што ги нудат државата и невладиниот сектор. |
| **ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА СТИПЕНДИЈА** | • Промена на критериумот за втората рата од 80% да се намали на 60%.<br>• Построг критериум при одредување на ромскиот идентитет (стипендија земаат и оние кои не се Роми).<br>• Да има преставник на студентите и истовремено практикант кај координаторот за стипендија.<br>• Поголемата партиципација на факултетите во споредба со другите, да се надополни.<br>• Поправање на системот за аплицирање поради зачестеното паѓање.<br>• Консултирање на координаторот со студентите за критерумите за стипендијата. | • Стипендиите треба да нудат целосна поддршка на студентите, бидејќи стипендиите покриваат еден дел од трошоците, а со тоа се намалува интересот за студирање.<br>• Мал број понудени стипендии кои не може да се пополнат поради нецелосната финансиска поддршка.<br>• Навременост на стипендијата бидејќи студентот зависи од неа.<br>• положени доволен број испити. |

*Слика бр.4 Квалитативна анализа од интервјуата со професорите и со студентите*

*Слика бр. 5 Квалитативна анализа од интервјуата со професорите и со студентите*

## I СТИПЕНДИЈА:
## КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА НА ПРАШАЊАТА ОД АНКЕТИТЕ

### 6. Дали сите студенти Роми подеднакво земаат стипендија?

На сликите бр. 6, 7 и 8 и табелите бр. 5-13 се испитува дали подеднакво земаат стипендија студентите Роми според годината на студии, полот, семејните приходи и според условите на живеење и се истражува кои се причините за одбивање стипендија на студентите Роми.

*Слика бр. 6 Стипендија според година на студии*




Според сликата бр. 6, најголемиот дел од студентите од четврта година не земаат стипендија, односно 56% не се стипендисти. Од студентите од трета година не земаат стипендија 46% од студентите, 32 % од студентите од втора година не земаат стипендија и од прва година 41% од студентите не земаат стипендија. Од анкетираните 99 студенти, вкупно 40 студенти не земаат стипендија. Студентите од 4 година се со најголем процент на студенти кои не земаат стипендија.

Врз основа на тоа кој е донаторот, 39 студенти се стипендисти на РМУСП, 16 студенти се стипендисти од Министерството за образование и наука и 4 студенти се стипендисти на РХСП. Или 58% од испитаните студенти Роми се стипендисти, а 42% од студентите Роми не се стипендисти.

Според квалитативната анализа на интервјуата со професорите на слика бр. 6, професорите велат дека стипендиите треба да нудат целосна поддршка на студентите бидејќи доколку стипендиите покриваат само еден дел од трошоците, се намалува интересот за студирање.

Од сликата бр. 6 се забележува дека стипендиите кај студентите од 4 година се намалува. Доколку се тргне од мислењето на професорите од сликата бр. 6 дека треба да се нуди целосна поддршка со стипендијата, зашто ако се покрие еден дел од трошоците, се намалува интересот за студирање, тогаш студентите треба да се поддржуваат од првата година до последната година за да биде навремено дипломирањето или да се завршат студиите. Затоа што ако не се поддржат во последната година има ризик студентите да не ги завршат студиите или да не биде навремено дипломирањето.

*Табела бр. 6 Стипендија според пол*

| Стипендија | | НЕ | ДА | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Машки пол | Број | 17 | 34 | 51 |
| | % Пол | 33,30% | 66,70% | 100,00% |
| | % од Вкупно | 17,20% | 34,30% | 51,50% |
| Женски пол | Број | 25 | 23 | 48 |
| | % Пол | 52,10% | 47,90% | 100,00% |
| | % од Вкупно | 25,30% | 23,20% | 48,50% |
| Вкупно | Број | 42 | 57 | 99 |
| | % Пол | 42,40% | 57,60% | 100,00% |
| | ВКУПНО | 42,40% | 57,60% | 100,00% |

Стипендија добиваат 66,7% од студентите од машки пол, а од женски пол добиваат 48% од студентите. Не добиваат 33,3% од студентите од машки пол, а од женски пол не добиваат 52,1% од студентите. Студентите од машки пол добиваат повеќе стипендии за разлика од студентите од женски пол.

*Табела бр. 7 Причините за одбивање за стипендија на студентите Роми*

| Пол | Причина за одбивање | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Неисполнување критериуми | Нецелосна документација | Неинформираност | Не сака | Не е одг. | |
| Машки пол | 9 | 1 | 6 | 1 | 34 | 51 |
| | 17,60% | 2,00% | 11,80% | 2,00% | 66,70% | 100,00% |
| | 9,10% | 1,00% | 6,10% | 1,00% | 34,30% | 51,50% |
| Женски пол | 15 | 4 | 7 | 0 | 22 | 48 |
| | 31,20% | 8,30% | 14,60% | 0,00% | 45,80% | 100,00% |
| | 15,20% | 4,00% | 7,10% | 0,00% | 22,20% | 48,50% |
| Вкупно | 24 | 5 | 13 | 1 | 56 | 99 |
| | 24,20% | 5,10% | 13,10% | 1,00% | 56,60% | 100,00% |
| | 24,20% | 5,10% | 13,10% | 1,00% | 56,60% | 100,00% |

Според табелата бр. 7 најчестите причини за одбивање за стипендијата се: Критериумите за стипендија не ги исполнуваат 24,2% студенти, нецелосната документација при аплицирање и при условот за 2 рата за стипендија кај 5,1% студенти и неиформираноста кај 13,1% студенти.

Студентите од женски пол најмногу се одбиени поради неисполнување на критериумите за стипендија (57,6% или 15 студентки) и неинформираност (26,9% или 7 студентки) наспроти од машки пол за неисполнување на критериуми (52,9% или 9 студенти) и неинформираност (35,2% или 6 студенти).

Според квалитативната анализа од интервјуата, професорите рекоа дека треба да има еднаква шанса за сите студенти во поглед на условите за стипендија.

Од анализата на табелите бр. 6 и бр. 7 студентките добиваат помал број стипендии во однос на студентите од машки пол. Но, пак, нивното одбивање за стипендија е според критериумите и неинформираноста. Од квалитативната анализа на интервјуата со професорите се вели дека треба да се има еднаква шанса за сите студенти. Овде се гледа дека се совпаѓаат мислењата на професорите за еднаква шанса на сите студенти според условите на стипендијата.




*Слика бр. 7 Стипендија според семејните приходи*

Како што може да се забележи на сликата бр. 7 најмалку земаат стипендија студенти (6%) кои се од семејства со најниски месечни приходи до 6.000 ден. А најмногу земаат стипендија студенти (20,2%) кои се од семејства со приходи меѓу 12.000-18.000 ден. Студентите (9%) кои се од семејства со месечни приходи над 25.000 ден. земаат и повеќе стипендија од семејствата со најниски приходи. Но, и од одбиените студенти со најниски приходи се мал број студенти, тие претставуваат 3% од сите одбиени студенти. Изгледа дека според семејните приходи има речиси еднакво доделување на бројот на стипендиите, освен што се помалку студентите од семејствата со семејни приходи до 6.000 ден., 6.000-12.000 ден. и 18.000-25.000 ден. од оние кои не добиваат стипендија за 3-4%.

*Табела бр. 8 Стипендија според семејните приходи за студентите од прва година*

| Стипендија | | Семејни приходи | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | до 6.000 ден. | 6.001 – 12.000 ден. | 12.001 – 18.000 ден. | 18.001 – 25.000 ден. | над 25.000 ден. | |
| Не | Број | 1 | 4 | 5 | 4 | 3 | 17 |
| | % Прва година | 5,90% | 23,50% | 29,40% | 23,50% | 17,60% | 100,00% |
| | % од Семејни приходи | 33,30% | 66,70% | 26,30% | 66,70% | 37,50% | 40,50% |
| | % Вкупно | 2,40% | 9,50% | 11,90% | 9,50% | 7,10% | 40,50% |
| Да | Број | 3 | 6 | 7 | 3 | 2 | 21 |
| | % Прва година | 14,30% | 28,60% | 33,30% | 14,30% | 9,50% | 100,00% |
| | % од Семејни приходи | 50,00% | 60,00% | 35,00% | 25,00% | 22,20% | 36,80% |
| | % Вкупно | 5,30% | 10,50% | 12,30% | 5,30% | 3,50% | 36,80% |

Во табелата бр. 8 се анализирани податоците колку од прва година земаат стипендија според семејните приходи. До 6.000 ден. земаат стипендија 5,3% од вкупниот број студенти. Потоа, меѓу 6.000-12.000 ден. земаат 10,5% од вкупниот број студенти. Најмал е бројот на студенти (3,5%) кои во семејствата имаат месечни приходи над 25.000 ден.  2,4% од вкупниот број студенти што не земаат стипендија со месечни приходи до 6.000 ден. се најмалку од студентите кои не земаат стипендија. А потоа се 7,1% од студентите со најголеми месечни приходи над 25.000 ден.

Според квалитативната анализа од интервјуата, професорите рекоа дека треба да има еднаква шанса за сите студенти во поглед на условите за стипендија и стипендиите ги мотивираат младите Роми да се запишат на факултет.

Од анализата на табелата бр. 8, на 5,3% од студентите со најмали семејни месечни приходи повеќе им се дадени стипендии отколку што се одбиени студентите 2,4% со најмали семејни месечни приходи. Додека со месечни семејни приходи над 25.000 ден. на помал број им се дадени стипендии, а не земаат поголем број студенти со месечни семејни приходи над 25.000 ден. Од квалитативната анализа, мислењето што го имаат професорите дека треба еднаква шанса за сите студенти во поглед на условите за стипендија се совпаѓа со резултатите. Веројатно се внимава еднакво да земаат стипендија студентите според месечните приходи и да се одбиваат, да не им се доделуваат стипендија. И тоа што повеќе се доделува стипендија на студенти со најниски месечни семејни приходи во прва година треба да се запази за да се мотивираат да се запишат на факултет.

*Табела бр. 9*

| Членови во семејството | | Број | Процент |
|---|---|---|---|
| Број | 2 | 7 | 7,1 |
| | 3 | 12 | 12,1 |
| | 4 | 37 | 37,4 |
| | 5 | 24 | 24,2 |
| | 6 | 12 | 12,1 |
| | 7 | 2 | 2 |
| | 9 | 3 | 3 |
| | 10 | 2 | 2 |
| | Вкупно | 99 | 100 |

*Табела бр. 10*

| Број на соби | | Број | Процент |
|---|---|---|---|
| Број | 1 | 2 | 2 |
| | 2 | 13 | 13,1 |
| | 3 | 24 | 24,2 |
| | 4 | 25 | 25,3 |
| | 5 | 12 | 12,1 |
| | 6 | 13 | 13,1 |
| | 7 | 1 | 1 |
| | 8 | 5 | 5,1 |
| | 9 | 2 | 2 |
| | 10 | 2 | 2 |
| | Вкупно | 99 | 100 |

*Табела бр. 11*

| Семејни приходи | | Број | Процент |
|---|---|---|---|
| Број | до 6000 ден. | 9 | 9,1 |
| | 6001 - 12000 ден. | 16 | 16,2 |
| | 12001 - 18000 ден. | 39 | 39,4 |
| | 18001 - 25000 ден. | 18 | 18,2 |
| | над 25000 ден. | 17 | 17,2 |
| | Вкупно | 99 | 100 |

*Табела бр. 12*

| Вработени во семејството | | Број | Процент |
|---|---|---|---|
| Вработени во семејството | ниту еден | 17 | 17.2 |
| | еден | 33 | 33.3 |
| | два | 40 | 40.4 |
| | три | 8 | 8.1 |
| | не живее со нив | 1 | 1.0 |
| | Вкупно | 99 | 100.0 |

*Табела бр. 13*

| Услови на студентите | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Начин на мерење | Членови во семејството | Број на соби | Семејни приходи | Вработени во семејството |
| Просек | 4,56 | 4,27 | 12.000-18.000 ден. | 2,43 |

Во табелите бр. 9, 10, 11 и 12 се дадени дескриптивните анализи за број на членови во семејството, број на соби, семејни приходи и вработени во семејството. А во табелата бр. 13 е даден просекот на податоците од претходните табели бр. 9-12. Просек за членовите во семејството е 4.56, за бројот на соби е 4.27, семејните приходи е 12.000-18.000 ден. и вработени во семејството е 2.43.

Преку истражувањата се доаѓа до податоците дека Ромите се над 70% невработени, повеќе од 50% Роми живеат на помалку од 5 квадрата по член од семејството и семејствата со ниски приходи и невработени имаат 8.050 ден. месечни приходи[1].

[1]Министерство за труд и социјална политика, СТРАТЕГИЈА ЗА РОМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2014 – 2020, 2014, 59 и 68 страница

Студентите Роми се со поинакви карактеристики од тоа какви услови имаат другите членови, семејства од ромската заедница. Како што може да се види од табелите бр. 9-13 за секој член од семејството има по една соба во куќата или 15% од студентите живеат во 1 до 2 соби, 25% од семејствата на студентите имаат до 12.000 ден. месечни приходи и 17% од студентите се од семејства каде што нема ниту еден вработен. Значи најголемиот дел од студентите Роми понатаму се Роми кои живеат во подобри услови од повеќето членови на ромската заедница.

Кога станува збор за корелацијата на личните приходи со ненавременото завршување, значајна поврзаност има само меѓу личните приходи и мотивацијата. r=-0,208, p<0,05, што значи дека студентите (вработените) кои имаат поголеми лични приходи имаат и повисока мотивација за учење, а, пак, оние студенти кои се вработени и имаат пониски приходи немаат толку голема мотивација за учење.

## III УПОТРЕБА НА СТАТИСТИЧКИТЕ МЕТОДИ НА КОРЕЛАЦИЈА И ХИ-КВАДРАТ

Кога станува збор за корелацијата на семејните приходи со ненавременото завршување, значајна поврзаност има само меѓу личните приходи и мотивацијата. r=0,265, p<0,01, но тука ситуацијата е обратна – што значи дека оние студенти (вработени) кои велат дека имаат поголеми семејни приходи имаат и пониска мотивација за учење.
Во однос на корелацијата на работниот статус со ненавременото завршување, значајна поврзаност има само меѓу вработеноста (заедно со хонорарството) и мотивацијата. r=0,263, p<0,01, што значи дека студентите кои работат имаат пониска мотивација за учење.

При корелацијата на добивањето стипендија со ненавременото завршување, значајна поврзаност има меѓу: а) Добивањето стипендија и мотивацијата. r=-0,201, p<0,05, што упатува на тоа дека оние студенти кои земале или земаат стипендија имаат и повисока мотивација за учење; б) Добивањето стипендија и наведувањето проблеми кои не биле спомнати во прашалникот (прашање70). r=-0,355, p<0,01, што значи дека студентите кои земале или земаат стипендија не наведуваат дополнителни проблеми (или, поинаку, имаат помалку проблеми од оние кои не земаат стипендија). в) Добивањето стипендија и мотивацијата. r=-0,201, p<0,05, што значи дека студентите кои земале или земаат стипендија имаат сè помалку проблеми, поретко наведуваат конкретни проблеми и имаат повисока мотивација за учење.

## IV ЗАКЛУЧОЦИ

1. Работат 24,2% од студентите Роми.
2. 71% од студентите кои работат делумно го организираат времето за учење затоа што имаат обврски на работа и имаат помалку време за учење.
3. Студентите од семејствата со пониски примања (до 12.000 ден.) кои би требало да работат, не се ангажирани работно за разлика од семејствата на студентите (33%) со повисоки примања (над 12.000 ден.) кои повеќе се ангажирани да работат, најверојатно поради поголемите трошоци кои ги имаат.
4. 35% (7) од студентите кои живеат надвор од местото на живеење и се во градот каде што студираат не се задоволни со стипендијата зашто не можат да ги покријат сите трошоци. Од нив најмногу стипендијата ја трошат: 2 за школарина (Тетово и Гостивар), 2 за превоз (Гостивар), 2 за сместување (Берово) и еден за пријави за испит (Битола).

5. Најголеми проблеми за вработување на студентите Роми се: дискриминацијата врз етничка основа, партиската припадност и дискриминацијата врз политичка припадност. Други проблеми се пријателските/роднинските врски и работното искуство. Затоа некои студенти Роми нема да имаат желба да го завршат факултетот и може во текот на студиите да им се потребни лични приходи, но не можат да се вработат. Следствено на тоа ќе ја гледаат да ја искористат секоја шанса да отидат надвор од државава.
6. Стипендиите кај студентите од 4 година се намалуваат. Доколку се тргне од мислењето на професорите од сликата бр. 6 дека треба да се нуди целосна поддршка со стипендијата, зашто ако се покрие еден дел од трошоците, се намалува интересот за студирање, тогаш студентите треба да се поддржуваат од првата година до последната година за да биде навремено дипломирањето или да се завршат студиите. Затоа што ако не се поддржат во последната година има ризик студентите да не ги завршат студиите или да не биде навремено дипломирањето.
7. Студентите од машки пол (66,7% добиваат повеќе стипендии за разлика од студентите од женски пол 49%.
8. Според сликата бр. 7 најмалку земаат стипендија студенти (6% од вкупниот број студенти) кои се од семејства со најниски месечни приходи до 6.000 ден. А најмногу земаат стипендија студенти (20,2%) кои се од семејства со приходи меѓу 12.000-18.000 ден. Студентите (9% од студентите) кои се од семејства со месечни приходи над 25.000 ден. земаат и повеќе стипендија од семејствата со најниски приходи.
9. Повеќе се доделува стипендија на студенти со најниски месечни семејни приходи во прва година, и тоа треба да се запази за да се мотивираат средношколците да се запишат на факултет.
10. Според табелите бр. 9-13 за секој член од семејството има по една соба во куќата или 15% од студентите живеат во 1 до 2 соби, 25% од семејствата на студентите имаат до 12.000 ден. месечни приходи и 17% од студентите се од семејства каде што нема ниту еден вработен. Значи најголемиот дел од студентите Роми понатаму се Роми кои живеат во подобри услови од повеќето членови на ромската заедница.
11. Студентите (вработените) кои имаат поголеми лични приходи имаат и повисока мотивација за учење, а, пак, оние студенти кои земале или земаат стипендија не наведуваат дополнителни проблеми (или, поинаку, имаат помалку проблеми од оние кои не земаат стипендија) и студентите кои земале или земаат стипендија имаат сè помалку проблеми, поретко наведуваат конкретни проблеми и имаат повисока мотивација за учење.

Поради сите овие заклучоци, аргументи може да се потврди хипотезата дека недоволните финансиски услови негативно влијаат врз навременото и воопшто врз завршувањето на студиите. Затоа што оние студенти кои имаат поголеми трошоци и поголеми семејни приходи се вработуваат и потоа делумно можат да си го организираат времето за учење. Најголеми проблеми за вработување на студентите Роми се дискриминацијата врз етничка основа, партиската припадност и дискриминацијата врз политичка припадност. Друга причина е недоволната стипендија, посебно за студентите кои студираат надвор од своето место на живеење и студираат во други градови зашто ја трошат за школарина и за сместување. И студентите (вработените) кои имаат поголеми лични приходи имаат и повисока мотивација за учење, а, пак, оние студенти кои земале или земаат стипендија не наведуваат дополнителни проблеми (или, поинаку, имаат помалку проблеми од оние кои не земаат стипендија) и студентите кои земале или земаат стипендија имаат сè помалку проблеми, поретко наведуваат конкретни проблеми и имаат повисока мотивација за учење.

# ХИПОТЕЗА 2

**Беше поставена втората хипотеза која претпоставуваше дека недоволните способности и вештини кои ги поседуваат студентите Роми го отежнуваат и/или го оневозможуваат процесот на студирање.**

Од интервјуата и анкетите се сумирани одговорите од прашањата кои ги приближуваат со хипотезата, тврдењето за недоволните способности и вештини на студентите.

Следува квалитативната анализа на интервјуата со професорите и со студентите за учењето кај студентите според прашањата кои им беа поставени: **1. Колку се совладуваат начините на учење додека студираат студентите?** и **2. Како го совладуваат материјалот за учење?**

## Професори

- Слаба е активноста на студентите на предавањата.
- Има студенти кои ги користат сите извори, а на некои им е тешка основната литература.
- Битна е амбициозноста на студентот, колку ќе сака тоа да го научи и тоа влијае врз подготовката на материјалот за учење.
- Еден од професорите бил тутор на студентите и според неа студентите биле исполнителни и одговорни и се поминува материјалот со нив.

## Учењето кај студентите Роми

- Класично учење, го повторуваат прочитаното на глас, го прераскажуваат.
- Заинтересираните студенти ги користат визуелно-аудитивните техники за учење на материјалот, бараат литература преку интернет, го продлабочуваат своето знаење преку дополнителната литература која е назначена во наставната програма.
- Незаинтересираните студенти со меморирање го совладуваат материјалот и испитите, со снаоѓање. Не се вклучуваат во активностите на факултетот со проект-задачи.
- Друг начин кој го користат студентите е туторството.

## Студенти

- Мал дел студенти користат: учење преку пишување, потцртување, креирање прашања на страна, активно следење на час и фаќање белешки, мали ливчиња со поими залепени на ѕид, замислено презентирање на наученото пред професорот;
- Студентите кои се сместени во интернат или студентски домови, споделуваат најразлични начини/ техники за учење;
- Студентите полесно го совладуваат материјалот ако е полесен за разбирање, но тешко го совладуваат ако им е неразбирлив;
- На некои од студентите ако на предавањата им се објасни добро, на поедноставен начин, дополнително ако има повеќе пракса отколку теорија, тогаш полесно ќе го читаат материјалот и ќе учат, така што ќе им остане во сеќавање;
- Дел од студентите за кратко време се подготвуваат за испит.

*Слика бр. 1 Квалитативна анализа од интервјуата со професорите и со студентите*

## I УЧЕЊЕТО КАЈ СТУДЕНТИТЕ РОМИ :
## КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА НА ПРАШАЊАТА ОД АНКЕТИТЕ

Од анализата на табелите бр. 6 и бр. 7 студентките добиваат помал број стипендии во однос на студентите од машки пол. Но, пак, нивното одбивање за стипендија е според критериумите и неинформираноста. Од квалитативната анализа на интервјуата со професорите се вели дека треба да се има еднаква шанса за сите студенти. Овде се гледа дека се совпаѓаат мислењата на професорите за еднаква шанса на сите студенти според условите на стипендијата.

### 1.Како учат студентите Роми?

*Табела бр. 1 Техника на учење – одделување најважни податоци*

| Одговор | | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|---|
| Број | Не | 17 | 17,2 |
| | Да | 82 | 82,8 |
| | Вкупно | 99 | 100,0 |

Од 99 студенти 82,8% ја практикуваат и ја користат техниката „одделување најважни податоци“, а не ја практикуваат и не ја користат 17,2% од студентите.

*Табела бр. 2 Техника – цртање, табели и дијаграми*

| Одговор | | Фрекфенција | Процент |
|---|---|---|---|
| Број | Не | 67 | 67,7 |
| | Да | 32 | 32,3 |
| | Вкупно | 99 | 100,0 |

Техниката за учење „цртање табели и дијаграми“ од 99 студенти ја практикуваат и ја користат 32,3%, а не ја практикуваат 67,7% од студентите.

*Табела бр. 3 Техника – барање сличности и разлики*

| Одговор | | Фрекфенција | Процент |
|---|---|---|---|
| Број | Не | 61 | 61,6 |
| | Да | 38 | 38,4 |
| | Вкупно | 99 | 100,0 |

Техниката „барање сличности и разлики“ од 99 студенти ја практикуваат и ја користат 38,4%, но не ја практикуваат 61,6 % од студентите.

*Табела бр. 4 Техника – поставување прашања*

| Одговор | | Фрекфенција | Процент |
|---|---|---|---|
| Број | Не | 54 | 54,5 |
| | Да | 45 | 45,5 |
| | Вкупно | 99 | 100,0 |

Техниката „поставување прашања“ од 99 студенти ја користат 45,5%, но не ја користат 45,5% од студентите.

*Табела бр. 5 Техника – секојдневни примери*

| Одговор | | Фрекфенција | Процент |
|---|---|---|---|
| Број | Не | 53 | 53,5 |
| | Да | 46 | 46,5 |
| | Вкупно | 99 | 100,0 |

Техниката „секојдневни примери“ од 99 студенти ја користат 46,5%, а не ја користат 53,5% од студентите.

*Табела бр. 6 Техника – пишување забелешки*

| Одговор | | Фрекфенција | Процент |
|---|---|---|---|
| Број | Не | 36 | 36,4 |
| | Да | 63 | 63,6 |
| | Вкупно | 99 | 100,0 |

Техниката „пишување забелешки“ од 99 студенти ја користат 63,6%, а не ја користат 36,4% од студентите.

*Табела бр. 7 Техника – визуелизирање и аудитивни техники*

| | | | Техника – визуелизирање и аудитивни техники | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Не | Да | |
| Пол | Машко | Број | 36 | 15 | 51 |
| | | % од Пол | 70,60% | 29,40% | 100,00% |
| | | % Вкупно | 36,40% | 15,20% | 51,50% |
| | Женско | Број | 38 | 10 | 48 |
| | | % од Пол | 79,20% | 20,80% | 100,00% |
| | | % Вкупно | 38,40% | 10,10% | 48,50% |
| Вкупно | | Број | 74 | 25 | 99 |
| | | % од Пол | 74,70% | 25,30% | 100,00% |
| | | % Вкупно | 74,70% | 25,30% | 100,00% |

Од табелата бр. 7 може да се увиди дека 25,3% од студентите ја користат техниката за визуелизирање и аудитивните техники. Од машки пол ја користат 29,4%, а од женски пол 20,8%.

*Табела бр. 8 Техника – читање и прераскажување*

| | | | Техника – читање и прераскажување | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Не | Да | |
| Пол | Машко | Број | 20 | 31 | 51 |
| | | % од Пол | 39,20% | 60,80% | 100,00% |
| | | % Вкупно | 20,20% | 31,30% | 51,50% |
| | Женско | Број | 21 | 27 | 48 |
| | | % од Пол | 43,80% | 56,20% | 100,00% |
| | | % Вкупно | 21,20% | 27,30% | 48,50% |
| Вкупно | | Број | 41 | 58 | 99 |
| | | % од Пол | 41,40% | 58,60% | 100,00% |
| | | % Вкупно | 41,40% | 58,60% | 100,00% |

58,6% од студентите ја применуваат техниката „читање и прераскажување". 60,8% од студентите од машки пол ја користат техниката, а од студентките 56,2%.

*Табела бр. 9 Вкупен број на користење техники за учење од студентите*

| | | | Вкупно техники | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | |
| Пол | Машко | Број | 7 | 6 | 5 | 5 | 16 | 8 | 2 | 2 | 51 |
| | | % од пол | 13,70% | 11,80% | 9,80% | 9,80% | 31,40% | 15,70% | 3,90% | 3,90% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 7,10% | 6,10% | 5,10% | 5,10% | 16,20% | 8,10% | 2,00% | 2,00% | 51,50% |
| | Женско | Број | 6 | 5 | 12 | 10 | 7 | 7 | 0 | 1 | 48 |
| | | % од пол | 12,50% | 10,40% | 25,00% | 20,80% | 14,60% | 14,60% | 0,00% | 2,10% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 6,10% | 5,10% | 12,10% | 10,10% | 7,10% | 7,10% | 0,00% | 1,00% | 48,50% |
| Вкупно | | Број | 13 | 11 | 17 | 15 | 23 | 15 | 2 | 3 | 99 |
| | | % од пол | 13,10% | 11,10% | 17,20% | 15,20% | 23,20% | 15,20% | 2,00% | 3,00% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 13,10% | 11,10% | 17,20% | 15,20% | 23,20% | 15,20% | 2,00% | 3,00% | 100,00% |

Во табелата бр. 7 може да се види дека 45,1% од машки пол користат до 4 техники за учење за разлика од студентите од женски пол од кои до 4 техники користат 68,7% од нив. А вкупно 41,6 % од студентите користат од една до три техники за учење. Додека другиот дел 58,4 % користи од 4 до 8 техники за учење.Според сите овие табели (бр. 1-9) може да се забележи дека студентите ги користат техниките за учење. Најмногу ја користат техниката за одделување најважни податоци 82,8%, а најмалку 25,3% од студентите користат визуелизирање и аудитивни техники.

Во однос на тоа каде има разлика во користење на техниките по пол, најголеми разлики има кај техниките поставување прашања (57% од машките студенти наспроти 33% од женските студенти Роми) и користење секојдневни примери (54% од машките студенти наспроти 37% од женските студенти Роми). Од квалитативната анализа од интервјуата со професорите и со студентите (слика бр. 1), професорите и студентите велат дека студентите малку користат техники за учење, учењето им е класично со помнење. Меѓутоа резултатите од анкетите велат поинаку. Студентите, 58,4% од нив, користат повеќе техники на учење.

## II ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА

Во врска со пренесувањe на знаењата во интервјуата беа поставени неколку прашања: **1. Колку професорите им покажуваат како да се научи подобро материјалот?** и **2. Какви проблеми наведуваат студентите поврзани со учењето?**

Одговорите од прашањата од интервјуата беа сумирани и се дадени во следнава слика бр. 2

### ПРОФЕСОРИ

1. Факултетот главно ги насочува на меморирање, барање скрипти и според ЕКТС со прашања.
2. Факултетот не ги насочува да бараат литература, да споредуваат и да ги постават вистинските прашања.
3. Литературата не им покажува како да се научи материјалот.
4. Професорите користат презентации, објаснувања и истражувачки податоци.
5. Професорите активното вклучување го подразбираат како студентите да си предаваат самите себе си.
6. Предавањата имаат неповрзаност со реалноста од областа на студиите, така што се намалува мотивацијата кај студентите.
7. Преку вежбите се посветуваат на одредени проблеми, а преку теренската работа ги добиваат практичните знаења.
8. Тоа што се бара на испит се објаснува од професорите, но колку одговараат на практичните проблеми не може да се одговори.
9. Треба да се употребуваат секојдневни примери во предавањата.
10. Треба да се бара активно вклучување, а тоа е да се насочуваат студентите да ги постават правите прашања и да ги добијат вистинските одговори.
11. Студентите треба да имаат пристап до литература, не само до учебниците од професорите.

### СТУДЕНТИ

1. Професорите користат свои примери, им објаснуваат на студентите и некои кажуваат кои се важни работи кои би ги имале на испит.
2. Некои професори користат и презентации
3. На некои од студентите им се даваат можни прашања кои би биле на испит и ако сакаат да го поминат колоквиумот/испитот, учат од прашањата, а ако сакаат повисока оценка, тогаш учат од учебниците.
4. Некои професори сакаат студентите напамет да учат, а други тоа со свои зборови да го објаснат.
5. Не сите професори покажувале како подобро да се научи материјалот. На една студентка само еден професор кој бил на замена еден семестар ѝ покажувал прирачници, пасуси.
6. Една студентка во однос на материјалот што професорите ѝ го давале, имала повеќе нејаснотии и кога предаваат, не го пренесуваат материјалот што ѝ е предвиден за испит, туку сосема нешто друго што понекогаш и го нема во литературата. Ако се реагирало за прашањата, тогаш имало конфликт со професорите.
7. Според една студентка кај некои професори битно е чиј си и слично, па според тоа ставаат повисоки или пониски оценки.
8. Ретко се работело на компјутер, а некои студенти треба да знаат како да работат.

*Слика бр. 2 Квалитативна анализа од интервјуата со професорите и со студентите*

## ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА – КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА НА ПРАШАЊАТА ОД АНКЕТИТЕ

### 2.Како факултетот и професорите им ги пренесуваат знаењата на студентите?

На следниве табели бр. 10 и 11 може да се проследат мислењата на студентите за начинот на предавање на професорите од факултетите и за пренесување на нивните знаења.

*Табела бр. 10 Поврзување на прашањата: Дали се интерактивни предавањата? и Дали студентите имаат тешкотии со материјалот што се задава на предавањата?*

| | | | Тешкотии со материјали има или нема | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Нема тешкотии | Има тешкотии | |
| Дали се интерактивни предавањата? | Да | Број | 22 | 58 | 80 |
| | | % од Дали се интерактивни предавањата? | 27,50% | 72,50% | 100,00% |
| | | % Вкупно | 22,20% | 58,60% | 80,80% |
| | Не | Број | 1 | 18 | 19 |
| | | % од Дали се интерактивни предавањата? | 5,30% | 94,70% | 100,00% |
| | | % Вкупно | 1,00% | 18,20% | 19,20% |
| Вкупно | | Број | 23 | 76 | 99 |
| | | % од Дали се интерактивни предавањата? | 23,20% | 76,80% | 100,00% |
| | | % Вкупно | 23,20% | 76,80% | 100,00% |

Од табелата бр. 10 се забележува дека вкупно 58,6% од студентите Роми имаат тешкотии со материјалот што се задава на факултет. Но, и покрај тоа, 80,8% од студентите одговорија дека предавањата се интерактивни. Само 18,2% се студенти кои имаат тешкотии со материјалот и одговорија дека не им се интерактивни предавањата.

*Табела бр. 11 Поврзување на прашањата: Дали се применливи знаењата од предавањата? и Дали студентите имаат тешкотии со материјалот што се задава на предавањата?*

| | | | Тешкотии со материјали има или нема | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Нема тешкотии | Има тешкотии | |
| Дали се применливи знаењата од предавањата? | Да | Број | 20 | 63 | 83 |
| | | % од Дали се применливи знаењата? | 24,10% | 75,90% | 100,00% |
| | | % Вкупно | 20,20% | 63,60% | 83,80% |
| | Не | Број | 3 | 13 | 16 |
| | | % од Дали се применливи знаењата? | 18,80% | 81,20% | 100,00% |
| | | % Вкупно | 3,00% | 13,10% | 16,20% |
| Вкупно | | Број | 23 | 76 | 99 |
| | | % од Дали се применливи знаењата? | 23,20% | 76,80% | 100,00% |
| | | % Вкупно | 23,20% | 76,80% | 100,00% |

Во табелата бр. 11 може да се забележи дека 63,6% од студентите кои имаат тешкотии со материјалот исто одговорија дека знаењата од предавањата се применливи. А само 13,1% од студентите Роми кои имаат тешкотии со материјалот кој се задава одговорија дека не се применливи знаењата од предавањата.
Според квалитативната анализа од интервјуата со професорите и со студентите од слика бр. 2, професорите и студентите велат дека професорите им објаснуваат на студентите на предавањата и користат свои примери.

Од табелите бр. 10 и 11 може да се заклучи дека предавањата на професорите во најголем дел се интерактивни (80,8% од студентите го велат тоа) и знаењата кои се пренесуваат на предавањата се применливи (83,8%). Овие резултати се совпаѓаат со одговорите на професорите и на студентите од интервјуто (одговорите се сумирани во слика бр. 2), во кои јасно е наведено дека професорите им објаснуваат на предавањата на студентите и користат свои примери. Но, сепак, голем дел од студентите (76,8%) имаат тешкотии со материјалот кој се предава и проблемот главно не е во начинот на предавање кај професорите.

**3. Кои се недостатоците на литературата поради кои студентите имаат тешкотии со материјалот кој се задава на предавањата? Понатаму беше поставено прашањево: „Дали литературата дава насоки и референци од други извори за проширување на знаењата?“** Одговорот следи на следнава табела.

*Табела бр. 12 Насоки и референци од други извори за проширување на знаењата*

| Одговор | | Фрекфенција | Процент |
|---|---|---|---|
| Број | Да | 10 | 10,1 |
| | Не | 78 | 78,8 |
| | Без одговор | 4 | 4,0 |
| | Не е потребен одговор | 7 | 7,1 |
| | Вкупно | 99 | 100,0 |

78,8% од 99 студенти одговорија дека во литературата нема насоки и референци за други извори каде што може студентите да ги прошират своите знаења, а само 10,1% од студентите одговорија дека има насоки и референци.

Следно прашање во анкетата беше: ***Дали литературата опфаќа вежби и задачи за решавање проблеми од предметот?***, а резултатот се наоѓа во табелата бр. 13

*Табела бр. 13 Вежби и задачи за решавање проблеми од предметот*

| Одговор | | Фрекфенција | Процент |
|---|---|---|---|
| Број | Да | 13 | 13,1 |
| | Не | 75 | 75,8 |
| | Без одговор | 4 | 4,0 |
| | Не е потребен одговор | 7 | 7,1 |
| | Вкупно | 99 | 100,0 |

Од 99 студенти, 75,8% од нив велат дека нема вежби и задачи за решавање проблеми од предметот во литературата, а 13,1% од студентите имаат вежби и задачи во литературата.

Прашање кое следуваше во анкетата е: „Кои се другите недостатоци од литературата поради кои студентите имаат тешкотии со материјалот кој се задава на предавањата?“ и одговорот е прикажан во табелата бр. 14

*Табела бр. 14 Други недостатоци од литературата*

| Литература | Одговор Да | Одговор Не |
|---|---|---|
| Поими и дефиниции | 14,1% | 74,7% |
| Литературата е на друг јазик | 11,1% | 77,8% |
| Примери и студии на случај | 11,1% | 77,8% |
| Прашања од авторот | 5,1% | 83,8% |

Најголем дел од студентите одговориле кои се недостатоците на литературата поради што таа им претставува тешкотија за учење. Таму мал дел одговориле дека има недостатоци, односно 14,1% дека поимите не се објаснети и не ги разбираат дефинициите, 11,1% од студентите дека литературата е на друг јазик (не е на македонски), 11,1% дека нема дадени примери и студии на случај и 5,1% дека нема поставени прашања од авторот за размислување во однос на материјата.

Според квалитативната анализа од интервјуата со професорите и со студентите од сликата бр. 2 за тоа како се пренесуваат знаењата, една професорка вели дека литературата не им покажува на студентите како да се научи материјалот.

Резултатите од табелите бр. 12, 13 и 14 покажуваат дека најголеми недостатоци литературата покажува во насоките и референците од други извори за проширување на знаењата (78,8% од студентите го одговориле тоа) и нема вежби и задачи (75,8% од студентите) за решавање проблеми од предметот во литературата. Литературата дава поими и дефиниции, примери и студии на случај како и прашања од авторот за размислување, но тие се во насока на разбирање и помнење. А референците и вежбите кои студентот го насочуваат кон тоа да го применува своето знаење во различни околности и да го прошири знаењето од други извори. Така што делумно се совпаѓа со мислењето на професорката од интервјуто дека литературата не им покажува како да се научи материјалот.

## III ПИШУВАЊЕ СЕМИНАРСКА РАБОТА, ЕСЕЈ И ДИПЛОМСКИ/НАУЧЕН ТРУД

Прашања кои беа поврзани со пишување семинарска работа, есеј и дипломски/научен труд, но и прашања за литературата, беа поставени: 1. Колку образовните програми им нудат можности на студентите да пишуваат есеи, семинарски и научни трудови? 2. Како од професорите се оценуваат есеите, семинарските и научните трудови? 3.Дали професорите им објаснувале како да ги напишат есеите, семинарските и научните трудови? и 4. Колку е современа литературата која се учи на факултет?

Одговорите од прашањата од интервјуата беа сумирани и се дадени во следниве слики бр. 3 и 4.

**Поглед на професорите за есеи, семинарски, научни трудови и учебници**

**+**

- Некои студенти имаат напишано доволно есеи и семинарски трудови.
- Секој студент си има свој ментор и мора да добива практични совети во нивната изработка.
- Професорите практикуваат студентите да доаѓаат на консултации за да го подобрат знаењето со повратните информации што ќе им ги дадат.
- На неколку факултети има предмет Академско пишување за тоа како да се подобри пишувањето на семинарските трудови и есеи.
- Учебниците се современи, со најновите информации.
- Литературата се поедноставува и е доста попрагматична отколку што им е потребно на студентите.

**−**

- Студентите не знаат како да пишуваат семинарски трудови, есеи и научни трудови. Тие ги купуваат или ги препишуваат.
- Една професорка вели дека не им се објаснува доволно за тоа како да ги напишат научните трудови.
- Според една професорка не се обрнува многу внимание како да истражуваат, ги насочуваат само оние што сакаат да истражуваат и да продолжат на повисоките циклуси на студирање од високото образование.
- Поедноставувањето на информациите од учебникот на разбирлив јазик за студентите е врз основа на принципот сè што е нејасно да се поминува на предавањата.
- Во однос на побогата библиотека, тоа е генерален проблем.
- Слабо е користењето на литература од англиското говорно подрачје од студентите.
- Има студенти кои ги користат сите извори, а на некои им е тешка и основната литература.

**Поглед на студентите за есеи, семинарски, научни трудови и учебници**

**+**

- Повеќето од испитаниците имаат искуство со семинарска работа и есеј.
- Од студентите кои имаат пишувано семинарски трудови и есеи велат дека ги изработуваат за да добијат поголема оценка како дополнителна активност и се задолжителни.
- Некои студенти посетиле обуки или летна школа од неформалното образование чијашто тема е поврзана со пишувањето.
- Според некои студенти професорите ги оценувале праведно.
- Во однос на литературата студентите користат стара и новоиздадена литература.
- Новата литература е најчесто од последните години и е на македонски јазик. Професорите го поедноставувале материјалот за да биде полесен. Некои професори ги прикачуваат електронски и студентите имаат пристап до нив со плаќање членарина.

**−**

- Испитаниците речиси и да немаат искуство со научен труд и некои немаат направено семинарска работа и есеј.
- Кај дел од студентите им се дадени само насоки и материјали, додека на другите испитаници не им било објаснето како да се пишуваат и на кој начин, посебно за научните трудови, дипломските. Само им била дадена задачата. Затоа некои студенти морале да доплатат некому како се пишува и дури потоа да се совлада пишувањето семинарски и есеи.
- Според еден испитаник професорите не ги прегледувале семинарските. Ако се оди на увид, професорите или асистентите велеле дека тие не се кај нив.
- Според други студенти не ги оценувале праведно, во еден случај дури има испитаничка која смета дека била дискриминирана со тоа што не била оценета соодветно.
-

*Слика бр. 4 Квалитативна анализа од интервјуата со студентите*

## ПИШУВАЊЕ СЕМИНАРСКА РАБОТА, ЕСЕЈ И ДИПЛОМСКИ/НАУЧЕН ТРУД : КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА НА ПРАШАЊАТА ОД АНКЕТИТЕ

### 4. Колку студентите знаат да пишуваат есеј, семинарски и дипломски труд?

Следното прашање во анкетата е *„Дали знаат студентите да пишуваат есеј, семинарски и дипломски труд?“* и одговорите се прикажани во табелата бр. 15, 16 и 17.

*Табела бр. 15 Самооцена за пишување есеј*

| Самооцена | Фрекфенција | Процент |
|---|---|---|
| Лошо | 7 | 7,1 |
| Добро | 32 | 32,3 |
| Многу добро | 39 | 39,4 |
| Одлично | 21 | 21,2 |
| Вкупно | 99 | 100,0 |

Од табелата бр. 15 се забележува дека студентите знаат да пишуваат есеј. Не знаат или сметаат дека им е лошо знаењето да пишуваат есеј само 7,1 процент од нив.

*Табела бр. 16 Самооцена за пишување семинарски труд*

| Самооцена | Фрекфенција | Процент |
|---|---|---|
| Лошо | 9 | 9,1 |
| Добро | 29 | 29,3 |
| Многу добро | 41 | 41,4 |
| Одлично | 20 | 20,2 |
| Вкупно | 99 | 100,0 |

Според податоците во табелата бр. 16 студентите знаат да пишуваат семинарски труд. Тие што сметаат дека лошо им е пишувањето семинарски трудови се 9,1% од студентите.

*Табела бр. 17 Самооцена на студентите од трета и од четврта година за пишување дипломски труд*

| | | | Пишување дипломски труд – оценување | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Многу лошо | Лошо | Добро | Многу добро | Одлично | Не е потребен одговор | |
| Година на студии | Трета | Број | 2 | 2 | 9 | 7 | 2 | 5 | 27 |
| | | % од Година на студии | 7,40% | 7,40% | 33,30% | 25,90% | 7,40% | 18,50% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 5,60% | 5,60% | 25,00% | 19,40% | 5,60% | 13,90% | 75,00% |
| | Четврта | Број | 0 | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 9 |
| | | % од Година на студии | 0,00% | 22,20% | 11,10% | 22,20% | 22,20% | 22,20% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 0,00% | 5,60% | 2,80% | 5,60% | 5,60% | 5,60% | 25,00% |
| Вкупно | | Број | 2 | 4 | 10 | 9 | 4 | 7 | 36 |
| | | % од Година на студии | 5,60% | 11,10% | 27,80% | 25,00% | 11,10% | 19,40% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 5,60% | 11,10% | 27,80% | 25,00% | 11,10% | 19,40% | 100,00% |

Од студентите кои што се трета и четврта година 20,6% (без студентите за кои не е потребен одговор) одговориле дека лошо или многу лошо знаат да пишуваат дипломски труд, додека 79,3% од студентите знаат од добро до одлично да пишуваат дипломски труд.

Од квалитативната анализа на интервјуата со професорите и со студентите (слика бр. 3 и 4), може да се види дека професорите сметаат оти студентите не знаат како да пишуваат семинарски трудови, есеи и научни трудови. Една (професорка) од нив вели дека не им се објаснува доволно на студентите како да ги напишат научните трудови, како и дека не им се обрнува многу внимание на студентите како да истражуваат. Веројатно ова е така затоа што ги насочуваат само оние што сакаат да истражуваат и да продолжат на повисоките циклуси на студирање од високото образование. Студентите, пак, сметаат дека повеќемина студентите имаат искуство со семинарска работа и есеј. Заклучно, резултатите од табелите бр. 15 и 16, во кои се прикажани одговорите на прашањево: „Дали знаат студентите да пишуваат есеј и семинарска работа?", се совпаѓаат со мислењата на студентите од анкетата прикажани на сликата бр. 4, а тоа е дека повеќето од студентите имаат искуство со семинарска работа и есеј. Меѓутоа, мислењата на професорите за незнаењето на студентите да пишуваат есеи, семинарски и научни трудови (слика 3) не се совпаѓа со резултатите од табелите бр. 15, 16 и 17. Ова зборува за различни перцепции.

### 5. Кои образовни и културни ресурси ги користат студентите за подготвување на испитите?

Следниве прашања се поврзани со образовните и културните ресурси кои ги користат студентите за подготвување на испитите и прикажани се нивните одговори.

*Табела бр. 18 Посетување музеи за подготвување испити*

| Одговор | | Фрекфенција | Процент |
|---|---|---|---|
| Број | Да | 11 | 11,1 |
| | Не | 88 | 88,9 |
| | Вкупно | 99 | 100,0 |

Од 99 студенти само 11,1% од нив посетуваат музеи, културни манифестации, изложби и промоции. Другите студенти не ги користат како културен ресурс за подготвување испити.

*Табела бр. 19 Користење презентации и извештаи од симпозиуми, семинари и од конференции за подготвување испити*

| Одговор | | Фрекфенција | Процент |
|---|---|---|---|
| Број | Да | 91 | 91,9 |
| | Не | 8 | 8,1 |
| | Вкупно | 99 | 100,0 |

Над 92% од студентите за подготвување испити (како образовен ресурс) користат презентации и извештаи од симпозиуми, семинари и од конференции.

*Табела бр. 20 Странска литература за подготвување испити*

| | | | Ресурси – странска литература | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | да | не | |
| Пол | Машки | Број | 22 | 29 | 51 |
| | | % од пол | 43,10% | 56,90% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 22,20% | 29,30% | 51,50% |
| | Женски | Број | 12 | 36 | 48 |
| | | % од пол | 25,00% | 75,00% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 12,10% | 36,40% | 48,50% |
| Вкупно | | Број | 34 | 65 | 99 |
| | | % од пол | 34,30% | 65,70% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 34,30% | 65,70% | 100,00% |

65,7% од студентите не користат странска литература како образовен ресурс за подготвување испити. 34,3% користат странска литература. Машките студенти Роми повеќе ги користат ресурсите за странска литература (43%), во споредба со студентките (25%).

Од квалитативната анализа од интервјуата со професорите и со студентите (слика бр. 3), професорите рекоа дека е слабо користењето литература од англиско говорно подрачје од студентите.

Според резултатите од табела бр. 20 само 34,3% од студентите користат странска литература. Така што се совпаѓа мислењето на професорите дека студентите слабо користат странска литература.

*Табела бр. 21 Користење учебници и презентации за подготвување испити*

| Одговор | | Тешкотии со материјал има или нема | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Нема тешкотии | Има тешкотии | |
| Ресурси – учебници и презентации | да | 21 | 70 | 91 |
| | не | 2 | 6 | 8 |
| Вкупно | | 23 | 76 | 99 |

91% од студентите користат учебници и презентации од професорите по предметите за подготвување на испитите. Но 76,9% (70 студенти) од студентите кои ги користат имаат тешкотии со материјалите/ учебниците и презентациите, а 21,2% (21 студенти) немаат тешкотии со нив. Исто така 75% (6) од студентите кои не користат учебници и презентации имаат тешкотии со материјалот кој им се задава на предавањата.

*Табела бр. 22 Користење дополнителна македонска литература за подготвување испити*

| Одговор | | Тешкотии со материјал има или нема | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Нема тешкотии | Има тешкотии | |
| Ресурси –дополнителна македонска литература | да | 9 | 30 | 39 |
| | не | 14 | 46 | 60 |
| Вкупно | | 23 | 76 | 99 |

39,4% (39 студенти) од студентите користат дополнителна македонска литература, додека другите 60,6% (60 студенти) не користат дополнителна македонска литература. Од оние што користат дополнителна македонска литература, 76,9% (30 студенти) имаат тешкотии со материјалот кој им се задава на предавањата, меѓутоа другиот дел 23,1% (9 студенти) немаат тешкотии. Од оние што не користат дополнителна македонска литература, 76,6% (46 студенти) имаат тешкотии со материјалот кој им се задава на предавањата на факултет.

### 6. Дали обемот на материјалот претставува тешкотија на студентите?

Следниве три слики даваат објаснување на прашањата дали обемот на материјалот претставува тешкотија на студентите и на кој Универзитет се дава најобемен материјал од професорите по предметите и колку тежината на материјалот влијае врз студентите од женски пол и машки пол за да си го организираат времето за учење.

*Слика бр. 5 Обемот на материјалот како тешкотија за студентите*




47 (96%) од 49 студенти, од вкупно 88 студенти колку што одговориле на ова прашање од сликата бр. 5 се оние кои имаат обемен материјал кој им се задава од професорите по предметот и поради тоа имаат тешкотии со материјалот. Додека 25 (64%) од 39 студенти се оние кои сметаат дека немаат обемен материјал, но, сепак, имаат тешкотии со материјалот кој им се дава од професорите по предметите.

*Слика бр. 6 Најобемен материјал по универзитет*




Најобемен материјал има ФОН (100% од студентите запишани таму), УГД (77%) и УКИМ (52,6%) поради што на студентите им е потешко да го совладаат материјалот за учење.

*Слика бр. 7 Поврзување на тешкотиите со материјалот и со организирањето време за учење*




На сликата бр. 7 може да се забележи дека студентите (14,1% вкупно од студентите) кои си го организираат времето за учење се поголем број студенти кои немаат тешкотии во однос на студентите (9,1% вкупно од студентите) кои делумно си го организираат времето за учење. Додека студентите (41,7% вкупно од студентите) кои делумно си го организираат времето за учење се поголем број студенти кои имаат тешкотии во однос на студентите (31,2 вкупно од студентите) кои си го организираат времето за учење. Сепак, голем е процентот на студенти (75%) кои имаат тешкотии со материјалот кој е зададен од професорите.

Студентите од женски пол повеќе си го организираат времето за учење од студентите од машки пол. 20 студентки (50% од студентите од женски пол) делумно си го организираат времето за учење и 15 (47,9% од студентите од женски пол) си го организираат времето за учење. Студентите од машки пол 34 (66,7% од машките студенти) делумно си го организираат времето за учење и 17 студенти (33,3% од машките студенти) си го организираат времето за учење.

## IV НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ, ПРАКТИКА И ВОЛОНТИРАЊЕ

Следува квалитативната анализа на интервјуата со професорите и со студентите за нивниот поглед за неформалното образование, практиката и волонтирањето. Тие одговараа на прашањава: 1. Колку се важни неформалното образование, практиката и волонтирањето за студентите? 2. Која обука е добра од неформалното образование? 3. Што и колку да се подобрат практиката и волонтирањето и како можат институциите и невладините организации повеќе да се ангажираат за академските потреби на студентите?

**Погледи на професорите и на студентите за неформалното образование, практиката и за волонтирањето**

### СТУДЕНТИ

1. За студентите практиката, волонтирањето и неформалното образование се нешто важно и потребно затоа што со тоа ќе го надоградат своето знаење, ќе имаат побогата кратка биографија, ќе стекнуваат практични знаења за својата работа, можат да добијат препорака за стипендија, има придонес во однос на тоа како да се справат со обврските, се вклопуваат во целиот тој процес и во целост им се развиле социјалните и комуникациските вештини.
2. Како обуки на кои биле и кои им оставиле добар впечаток испитаниците ги наведуваат: подобрување на егзистенцијата кај најранливите групи, ромски идентитет, историја и култура, обука за менаџирање време, јавно говорење, презентациски вештини, политички вештини, пишување кратка биографија, однесување и говорење при интервју и мотивационо писмо.
3. Некои од студентите не волонтирале затоа што ги немале на факултет и не можеле да пронајдат некое место кое би им било соодветно да се одвиваат овие две работи (волонтирање и практика), а и кога аплицирале за практика некаде, биле одбивани.
4. Студентите кои волонтирале и биле на практика даваат препораки за институциите и за НВО да има почесто практика за да има поголема можност теоријата да биде кристално јасна за студентите и да им дадат работни задачи според студентските потреби, а за студенти да одат на практика и волонтерство зашто тоа е најдоброто искуство што би можеле да го стекнат во тој период за да бидат исполнети, да имаат што повеќе практични вештини за потоа да бидат подготвени за работа. За волонтерството да се зборува уште во средните училишта.
5. Речиси сите студенти препорачуваат да има обуки и семинари за градење на самодовербата кај студентите, да има за личната цел на студентите, да има едукација за логичко мислење за да знаат како да ги поврзат работите, обуки за нивните права, да се воведе летна практика за сите студенти за да го надоградат повеќе и технички да се оспособат, навремено да дипломираат, нивно вмрежување за да се запознаат меѓу себе и активно да работат на одредена проблематика и да има дополнителен принтер за студентите преку кој ќе можат да си фотокопираат книги и скрипти.

### ПРОФЕСОРИ

1. Неформалното образование, практиката и волонтирањето се многу важни. Сега има постојан процес на усовршување, повторно стекнување нови вештини. Студентите треба да одат на обуки од неформалното образование ако сакаат да бидат во тек и да имаат поголеми можности за вработување.Преку неформалното образование кај студентите се развиваат социјалните вештини, се зголемува ентузијазмот, интересот за студирање, усвојување нови знаења, примена на тие знаења.
2. Според една професорка им недостасува практична настава на студентите иако имаат задолжителна практика, но не се реализира како што треба. Професорите препорачуваат да имаат практична работа од најмалку еден месец и би било добро за летниот распуст да бидат подолго на практика и да им се плаќа некој хонорар за тоа.
3. Професорката од Правниот факултет препорачува да стажираат во некој трибунал, канцеларијата на Народниот правобранител или во Здружението на млади правници.Професорите препорачуваат студентите да посетуваат обуки за проектен циклус, комуникациски вештини, менаџирање конфликти, медијација, семејни односи, некој од психотерапевтските правци.
4. Студентите да се усовршуваат во согласност со потребите на пазарот на трудот, да се запознаат со самите установи, со компаниите, да ги видат нивните потреби и можности на студентите. На студентите им недостасува мобилност, размена на искуства, поголема отвореност. Добро е што се мобилизираат студентите и формираат свои здруженија на граѓани каде што сакаат активно да учествуваат, не само во однос на професионалниот развој, туку и во подобрување на одредени лица на категории, на заедницата.
5. Невладините организации можат да понудат поголема практика и волонтирање кое ќе се базира на усвојување на попрактични знаења, одредени вештини и искуства, поголемо зајакнување на студентите и од другите универзитети и да им се плаќаат одредените трошоци притоа. Невладините организации и институции да се ангажираат во создавање подобри услови за студирање како што е достапност на ресурсите и да нема проблем во сместувањето во студентски дом.

## НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ, ПРАКТИКА И ВОЛОНТИРАЊЕ – КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА НА ПРАШАЊАТА ОД АНКЕТИТЕ

### 7. Колку студентите ги развиваат своите вештини и способности преку неформалното образование, практиката и волонтирањето?

Следниве табели даваат одговори на поголем број прашања. Прво за тоа колку студентите биле на обуки од неформалното образование, на практика и на волонтирање. Потоа, каков бил придонесот на обуките, практиката и волонтирањето за студентите и како ги оценуваат. И на крај од секоја група на прашања за практиката и волонтирањето се причините зошто студентите Роми не ги посетуваат.

*Табела бр. 23 Број на обуки од неформалното образование*

| | | | Број на обуки | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Ниту еднаш до сега | Еднаш | 2-3 пати | Повеќепати | |
| Пол | Машко | Број | 4 | 3 | 12 | 32 | 51 |
| | | % од пол | 7,80% | 5,90% | 23,50% | 62,70% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 4,00% | 3,00% | 12,10% | 32,30% | 51,50% |
| | Женско | Број | 9 | 3 | 3 | 33 | 48 |
| | | % од пол | 18,80% | 6,20% | 6,20% | 68,80% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 9,10% | 3,00% | 3,00% | 33,30% | 48,50% |
| Вкупно | | Број | 13 | 6 | 15 | 65 | 99 |
| | | % од пол | 13,10% | 6,10% | 15,20% | 65,70% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 13,10% | 6,10% | 15,20% | 65,70% | 100,00% |

Според табелата бр. 23 поголем дел од студентите Роми (87%) биле на обуки од неформалното образование организирани од институции, невладини организации и од претпријатија. Еден дел од студентките Роми (19%) досега ниту еднаш не присуствувале на обука за разлика од машките студенти (8%). Посебно интересно е што 65,7% од студентите биле повеќепати на обуки.

Од квалитативната анализа на интервјуата со професорите и со студентите, мислењето на студентите е дека неформалното образование е многу важно (слика бр. 8). Сега има постојан процес на усовршување, повторно стекнување нови вештини.

Резултите од табелата бр. 23 се совпаѓа со мислењата на студентите од интервјуата дека неформалното образование е многу важно. Затоа дури 87% од студентите Роми посетиле обуки од неформалното образование.

Свкупно од студентите) кои си го организираат времето за учење. Сепак, голем е процентот на студенти (75%) кои имаат тешкотии со материјалот кој е зададен од професорите.

*Слика бр. 9 Придонес на обуките од неформалното образование*




Како што може да се забележи на сликата бр. 9 обуките од неформалното образование најмногу имаат придонес во развојот во други области (22% од студентите) и во изучувањето техники на учење (22% од студентите). Следнава втора група прашања се околу практиката.

*Табела бр. 24 Поврзување на прашањето „Дали студентите биле на практика?" со местото на живеење*

| Место * практика* Вкрстување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Практика** | | **Вкупно** |
| | | | **Не** | **Да** | |
| Место | Скопје | Број | 25 | 38 | 63 |
| | | % од Место | 39,70% | 60,30% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 25,30% | 38,40% | 63,60% |
| | Тетово | Број | 3 | 8 | 11 |
| | | % од Место | 27,30% | 72,70% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 3,00% | 8,10% | 11,10% |
| | Штип | Број | 3 | 4 | 7 |
| | | % од Место | 42,90% | 57,10% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 3,00% | 4,00% | 7,10% |
| | Прилеп | Број | 0 | 2 | 2 |
| | | % од Место | 0,00% | 100,00% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 0,00% | 2,00% | 2,00% |
| | Пехчево | Број | 2 | 0 | 2 |
| | | % од Место | 100,00% | 0,00% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 2,00% | 0,00% | 2,00% |
| | Гостивар | Број | 2 | 6 | 8 |
| | | % од Место | 25,00% | 75,00% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 2,00% | 6,10% | 8,10% |
| | Битола | Број | 0 | 1 | 1 |
| | | % од Место | 0,00% | 100,00% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 0,00% | 1,00% | 1,00% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Место | Берово | Број | 1 | 1 | 2 |
| | | % од Место | 50,00% | 50,00% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 1,00% | 1,00% | 2,00% |
| | Делчево | Број | 0 | 2 | 2 |
| | | % од Место | 0,00% | 100,00% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 0,00% | 2,00% | 2,00% |
| | Св. Николе | Број | 1 | 0 | 1 |
| | | % од Место | 100,00% | 0,00% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 1,00% | 0,00% | 1,00% |
| Вкупно | | Број | 37 | 62 | 99 |
| | | % од Место | 37,40% | 62,60% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 37,40% | 62,60% | 100,00% |

Според податоците од табелата бр. 24, 37% од сите анкетирани студенти Роми досега не биле на практика . Најголем дел од студентите Роми од Штип не биле досега (43%), потоа од Скопје (40%) и од Тетово (27%).

*Табела бр. 25 Број на студенти кои биле на практика според пол*

| | | | **Практика** | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Не** | **Да** | |
| Пол | Машко | Број | 23 | 28 | 51 |
| | | % од пол | 45,10% | 54,90% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 23,20% | 28,30% | 51,50% |
| | Женско | Број | 14 | 34 | 48 |
| | | % од пол | 29,20% | 70,80% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 14,10% | 34,30% | 48,50% |
| | Вкупно | Број | 37 | 62 | 99 |
| | | % од пол | 37,40% | 62,60% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 37,40% | 62,60% | 100,00% |

Поголемиот дел од машките студенти Роми (45%) не посетуваат практика за разлика од студентките (29%). Во однос на процентот на одење на практика од двата пола: кај машките е 55%, а кај женските е 71% или вкупно 62,6% од сите студенти.

*Слика бр. 10 Причини за неодење на практика*




Во сликата бр. 10 се прикажани податоците дека студентите Роми не биле на практика поради тоа што немаат желба, 37,1% од 37 студента кои не посетуваат практика, а не знаат каде да побараат 28,5%.

Според квалитативната анализа од интервјуата со професорите и со студентите на слика бр. 8, една професорка изјави дека на студентите им недостасува практика иако им е задолжителна, но не е обавена како што треба. Резултатите од табелата бр. 25 (37,4% од студентите не посетуваат практика) и сликата бр. 10 (37,1% немаат желба и 28,5% зашто не знаат каде да побараат) делумно се согласуваат со мислењето на професорката од квалитативната анализа на интервјуата. На дел од студентите им недостасува практика, на тие што не посетуваат практика, но и дел немаат желба да одат.

*Слика бр. 11 Придонес на практиката за студентите според нивното место на живеење*




Според местото и придонесот на практиката, кај студентите Роми од Тетово (45%) практиката придонела кон зголемување на самодовербата. За студентите од Скопје (21%) најмногу придонела практиката во развојот на нивната стручност, а за студентите од Штип (29%) таа најмногу придонела во техниките за учење и во градењето поголема самодоверба.

*Табела бр. 26 Оцена на практиката на студентите Роми според пол*

| | | | Оцена на практичната настава | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Лошо | Добро | Многу добро | Одлично | Не е потребен одговор | |
| Пол | Машко | Број | 1 | 8 | 13 | 5 | 24 | 51 |
| | | % од пол | 2,00% | 15,70% | 25,50% | 9,80% | 47,10% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 1,00% | 8,10% | 13,10% | 5,10% | 24,20% | 51,50% |
| | Женско | Број | 1 | 6 | 11 | 17 | 13 | 48 |
| | | % од пол | 2,10% | 12,50% | 22,90% | 35,40% | 27,10% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 1,00% | 6,10% | 11,10% | 17,20% | 13,10% | 48,50% |
| Вкупно | | Број | 2 | 14 | 24 | 22 | 37 | 99 |
| | | % од пол | 2,00% | 14,10% | 24,20% | 22,20% | 37,40% | 100,00% |
| | | % од Вкупно | 2,00% | 14,10% | 24,20% | 22,20% | 37,40% | 100,00% |

Според табелата бр. 26 студентките Ромки (35%) подобро ја оценуваат практичната настава за разлика од машките студенти (10%). Можеби поради тоа студентите Роми (55%) помалку одат на практика, а студентките Ромки (71%) одат во поголем број. Потоа следува групата на прашања околу волонтерството.

*Табела бр. 27 Број на волонтирства на студентите Роми*

| Број на волонтерства | Број | Процент |
|---|---|---|
| Ниту еднаш до сега | 46 | 46.5 |
| Еднаш | 9 | 9.1 |
| 2-3 пати | 13 | 13.1 |
| Повеќепати | 31 | 31.3 |
| Вкупно | 99 | 100.0 |

Ниту еднаш до сега 46 студенти Роми (46,5%) не волонтирале во институции, невладини организации и во претпријатија, додека, пак, повеќепати волонтирале 31 студент (31,3%) или вкупно волонтирале 53 студенти од 99 студенти.

*Табела бр. 28 Придонес на волонтерството за студентите Роми*

| Придонес на волонтерството | Фрекфенција | Процент |
|---|---|---|
| Техники за учење | 6 | 11,32 |
| Развој на стучноста | 20 | 37,73 |
| Поквалитетна биографија (CV) | 9 | 16,9 |
| Поголема самодоверба | 19 | 35,5 |

Студентите сметаат дека волонтерството ќе им користи во нивното секојдневие во следниве области: развој на стручноста 37,7% и поголема самодоверба 35,8%.

*Слика бр. 12 Причини за неволонтирање на студентите Роми*




Од сликата бр. 12 може да се забележи дека 46 студенти не волонтирале, а од нив 38,46% не го направиле тоа затоа што не знаеле каде да побараат да волонтираат. Друга поголема група 34,6% од студентите немаат желба да волонтираат. Во следнава табела се дадени одговорите на студентите за прашањево: „Кои услуги ги користат студентите Роми од институциите и од невладините организации?"

*Табела бр. 29 Услуги кои ги користат студентите Роми од институциите и од невладините организации*

| Услуги од институциите или од Граѓански Организации | Да | Не |
|---|---|---|
| Курсеви за компјутери | 72,7 | 27,3 |
| Посета на библиотека | 27,3 | 72,7 |
| Користење книги | 48,5 | 51,5 |
| Курсеви по странски јазик | 72,7 | 27,3 |
| Добивање информации | 47,5 | 52,5 |
| Учество во обуки | 59,6 | 40,4 |

Според табелата бр. 29 студентите Роми најмногу ги користат курсевите (72,7%) за компјутери и странски јазици и обуките како услуги од институциите и од невладините организации. А најмалку ја користат библиотеката 72,7%, за добивање информации 52,5% и за користење книги 51,5% од студентите.

## 8. Дали мажите или жените студенти имаат поголем број проблеми во текот на студирањето?

Табелите бр. 30 и 31 ќе дадат одговори за дипломираните Роми според полот и според бројот на проблеми во текот на студирањето, исто така според полот.

*Табела бр. 30 Број на дипломирани Роми според пол*

| | Вкупно | ж | м | повеќе |
|---|---|---|---|---|
| 2007 | 13 | 7 | 6 | д |
| 2008 | 30 | 16 | 14 | д |
| 2009 | 28 | 17 | 11 | д |
| 2010 | 35 | 20 | 15 | д |
| 2011 | 22 | 11 | 11 | = |
| 2012 | 39 | 18 | 21 | н |
| 2013 | 26 | 13 | 13 | = |
| 2014 | 32 | 15 | 17 | н |
| 2015 | 30 | 19 | 11 | д |

Во табелата бр. 30 се дадени податоци кои се преземени од Заводот за статистика . Во табелата може да се забележи дека студентките Ромки петпати повеќе дипломирале од студентите Роми од машки пол. А машките само двапати дипломирале повеќепати од нив во 2012 и во 2014. Ист број дипломирани од двата пола има во 2011 и во 2013 г. Вкупно дипломирани Роми за периодот 2007-2015 (9 години) се 136 од женски и 119 од машки пол. Дипломираните Ромки се за 12,5% повеќе од дипломираните Роми. И покрај тоа што машките повеќе се запишуваат на факултет, и тоа може да се потврди повторно преку извештаите од Заводот за статистика, сепак, жените Ромки се поуспешни (поголем процент на дипломирани) на додипломските студии.

*Слика бр. 13 Број на проблеми на студентите Роми според пол*




На сликата бр.13 може да се забележи дека студентите од машки пол навеле повеќе проблеми од студентките, но разликата е мала.  Од 1 до 2 проблема навеле 47,1% од студентите од машки пол, а од женски пол се 52%. Тука студентките се повеќе.  Додека од 3 до 5 проблема навеле 47% од студентите од машки пол и 41,4% од женски пол. Тука се повеќе студентите од машки пол. Проблемите кои ги навеле студентите или ги потврдувале се: тежината на материјалот кој се задава од професорите; ако немаат кредити за запишување семестар – зошто е така?; проблеми со професори, студенти и со студентска служба; зошто студентите имаат неположени предмети и дали навеле дополнителни проблеми кои не биле дадени во анкетата.

## V УПОТРЕБА НА СТАТИСТИЧКИТЕ МЕТОДИ НА КОРЕЛАЦИЈА И ХИ-КВАДРАТ

Од сите предвидени способности, како вештини значајни за навременото студирање се само самодовербата и способноста да се организира времето. Другите варијабли како користењето специфични техники, бројот на посетени обуки како и практиката не се важни за навременото студирање. Следат коефициентите на корелација во табели заради поголема прегледност:

| | r (коефициент на корелација) | Ниво на значајност |
|---|---|---|
| Самодоеврба со | | |
| Мотивација (в23) | -0, 281 | p<0,01 |
| Варијабла 67 (проблеми со студенти, професори, администрација) | -0, 239 | p<0,05 |
| Варијабла 71<br>Дали има или нема тешкотии (1 или 0) за совладување на материјалите за учење + вкупно проблеми на факултет (0-3) + има или нема (1 или 0) проблеми со кредити | -0,286 | p<0,01 |
| Варијабла 72<br>71 + 23 (проблеми и сегашна мотивација) | -0,390 | p<0,01 |
| Варијабла 73<br>Проблеми и свесност за проблеми 71 + 47 + 70 | -0, 336 | p<0,01 |
| Варијабла74<br>Проблеми, свесност за нив и мотивација | -0,427 | p<0,01 |

Од табелата со статистички значајните корелации може да се види дека студентите со поголема самодоверба имаат и поголема мотивација за учење, а воопшто помалку проблеми, помалку проблеми со своите соученици, професори, со администрацијата.

| | r (коефициент на корелација) | Ниво на значајност |
|---|---|---|
| Способност за организација на време | | |
| Тешкотии со материјалот (в32 скратена) | -0, 232 | p<0,05 |
| Варијабла 71<br>Дали има или нема тешкотии (1 или 0) за совладување на материјалите за учење + вкупно проблеми на факултет (0-3) + има или нема (1 или 0) проблеми со кредити | -0,251 | p<0,05 |
| Варијабла 72<br>71 + 23 (проблеми и сегашна мотивација) | -0,280 | p<0,01 |
| Варијабла 73<br>Проблеми и свесност за проблеми 71 + 47 + 70 | -0,212 | p<0,05 |
| Варијабла74<br>Проблеми, свесност за нив и мотивација | -0,252 | p<0,05 |

Од табелата со статистички значајните корелации може да се види дека студентите со поголема способност за организација со време имаат помалку проблеми воопшто, помалку проблеми со своите соученици, професори и со администрацијата.

## VI ЗАКЛУЧОЦИ

1. Според табелите бр. 1-9 студентите ги користат техниките за учење. 58,4 % од студентите користат 4-8 техники за учење.
2. Од табелите бр. 10 и 11 може да се заклучи дека предавањата на професорите во најголем дел се интерактивни (80,8%) и знаењата кои се пренесуваат на предавањата се применливи (83,8%). Овие резултати се совпаѓаат со мислењето на професорите и на студентите од сликата бр. 2 дека професорите им објаснуваат на предавањата на студентите и користат свои примери. Но, сепак, голем дел од студентите (76,8%) имаат тешкотии со материјалот кој се предава и проблемот главно не е во начинот на предавање кај професорите.
3. Резултатите од табелите бр. 12, 13 и 14 покажуваат дека литературата најголеми недостатоци покажува во немањето насоки и референци од други извори за проширување на знаењата (78,8% од студентите) и нема вежби и задачи (75,8% од студентите) за решавање проблеми од предметот во литературата. Референците и вежбите служат заради применување на знаењето на студентот во различни околности и да го прошири знаењето од други извори. Така што делумно се совпаѓа со мислењето на професорката од интервјуто од сликата бр. 2 дека литературата не им покажува како да се научи материјалот.
4. Студентите знаат да пишуваат есеи (92,9%), семинарски трудови (90,9%) и научен/дипломски труд (79,3% од студентите кои се трета и четврта година). Нивните самооцени не се совпаѓаат со мислењата на професорите од квалитативната анализа на интервјуата дека студентите не знаат да пишуваат есеи, семинарски и научни трудови (слика 3).
5. Од образовните и културните ресурси кои ги користат студентите за подготување на испитите најмногу се презентации и извештаи од симпозиуми, семинари и конференции (92% од студентите) и учебници и презентации од професорите по предметите (91% од студентите). Но 76,9% (70 студенти) од студентите кои ги користат учебниците и презентациите од професорите имаат тешкотии со нив.
6. Најмалку како ресурси ги користат посетите на музеи, културните манифестации, изложбите и промоциите (само 11,1% од нив), дополнителната македонска литература (39,4% или 39 студенти) и странската литература (34,3% од студентите). Пречка или недостаток за користењето на дополнителната македонска литература е што 76,9% (30 студенти) од студентите кои користат дополнителна македонска литература имаат тешкотии со материјалот кој им се задава на предавањата. Друг недостаток е слабото користење на странската литература. Машките студенти Роми повеќе ги користат ресурсите за странска литература (43% од студентите од машки пол), во споредба со женските студенти (25% од студентите од женски пол). Така што се совпаѓа мислењето на професорите од квалитативната анализа на интервјуата дека студентите слабо користат странска литература. Обемниот материјал што им се задава на студентите од професорите претставува тешкотија кај 96% од студентите кои се изјаснија дека имаат обемен материјал (49 студенти). Најобемен материјал има ФОН (100% од студентите запишани таму), УГД (77%) и УКИМ (52,6%) поради што на студентите им е потешко да го совладаат материјалот за учење.`
7. Студентите од женски пол повеќе си го организираат времето за учење од студентите од машки пол. Соодносот делумно организирање : целосно организирање на времето е повисок кај студентките 50% : 47,9% наспроти студентите од машки пол 66,7% : 33,3%. 8.
8. 87% од студентите Роми биле на обуки од неформалното образование организирани од институции, невладини организации и од претпријатија. Обуките од неформалното образование најмногу имаат придонес кај студентите во развојот во други области (22% од студентите) и во изучување техники на учење (22% од студентите). А 37% од сите анкетирани студенти Роми досега не биле на практика. Најголем дел не биле студентите Роми од Штип (43%), потоа од Скопје (40%) и од Тетово (27%) и по пол - женските студенти 71% повеќе биле на практика од студентите од машки пол (55%)

Според местото и придонесот на практиката, кај студентите Роми од Тетово со 45% практиката придонела за зголемување на самодовербата, но кај 21% од студентите од Скопје најмногу придонела практиката во развојот на нивната стручност и кај 29% од студентите во Штип најмногу придонела во техниките за учење и за градењето поголема самодоверба.

Додека ниту еднаш до сега 46 студенти Роми (46,5% од вкупниот број студенти) не волонтирале во институции, невладини организации и во претпријатија, а повеќепати волонтирале 31 студент (31,3%); Студентите не биле на практика и на волонтирање поради тоа што немале желба (37,1% за практика и 34,6% за волонтирање) и не знаеле каде да побараат (28,5% за практика и 38,46% за волонтирање).

9. Студентите Роми најмногу ги користат курсевите (72,7%) за компјутери и за странски јазици и обуките како услуги од институциите и од невладините организации. А најмалку ја користат библиотеката 72,7%, понатаму добивањето информации 52,5% и користењето книги 51,5% од студентите. Најмалку ги користат книгите за учење и за проширување на знаењата кои се нудат во библиотеките на институциите, невладините организации и на претпријатијата.
10. Дипломираните Ромки се за 12,5% повеќе од дипломираните Роми за периодот 2007-2015 (9 години), 136 од женски и 119 од машки пол, и покрај тоа што машките повеќе се запишуваат на факултет.
11. Според примената на статистичките методи на корелација и хи-квадратот од сите предвидени способности и вештини како значајни за навременото студирање, само самодовербата и способноста да се организира времето се значајни. Другите варијабли како користењето специфични техники, бројот на посетени обуки како и практиката не се важни за навременото студирање. Студентите со поголема самодоверба имаат и поголема мотивација за учење, и воопшто помалку проблеми, помалку проблеми со своите соученици, професори, со администрацијата и студентите со поголема способност за организација на времето имаат помалку проблеми, помалку проблеми со своите соученици, професори и со администрацијата.

Голем дел од студентите (76,8%) имаат тешкотии со материјалот кој се предава како што се учебниците и презентациите од професорите. Тоа е зашто литературата не им покажува како да се научи материјалот и зашто е обемен материјалот (96% на кои им е тешкотија) што им се задава на студентите од професорите. И покрај тоа слабо ги користат културните ресурси и дополнителната македонска и странска литература (можеби зашто веќе имаат обемен материјал), а и 76,9% (30 студенти) од студентите кои користат дополнителна македонска литература имаат тешкотии со материјалот. Најмалку ги користат книгите за учење и проширување на знаењата кои се нудат во библиотеките на институциите, невладините организации и на претпријатијата.

Друг проблем е што 37% од сите анкетирани студенти Роми досега не биле на практика и 46,5% од вкупниот број студенти не волонтирале во институции, невладини организации и во претпријатија. Студентите кои не биле на практика и волонтирање било поради тоа што немале желба (37,1% за практика и 34,6% за волонтирање). Тоа значи дека е тешко тој дел од студентите да стекнат нови способности и вештини кои може да им помогнат во нивниот личен и професионален развој.

Затоа од набројаните тешкотии со кои се соочуваат студентите Роми, се докажува хипотезата дека недоволните способности и вештини кои ги поседуваат студентите Роми го отежнуваат и/или онезвозможуваат процесот на студирање.

# ХИПОТЕЗА 3

**Беше поставена третата хипотеза која претпоставуваше дека домашните услови и околината кај студентите Роми го отежнуваат и/или го оневозможуваат процесот на студирање.**

Од интервјуата и анкетите се сумирани одговорите од прашањата кои ги приближуваат до хипотезата, тврдењето за домашните услови и околината на студентите.

Следува квалитативната анализа на интервјуата со професорите и со студентите за учењето кај студентите. Претставени се две слики.

Во првата слика се сумирани одговорите според прашањата кои им беа поставени на студентите и на професорите: 1. Што очекуваат семејствата од студентите во периодот додека студираат? 2. Каква поддршка добиваат од семејството? 3. Дали семејството им создава пречки во учењето?

Во втората слика се сумирани одговорите според прашањата кои им беа поставени на студентите и на професорите: **1. Кои се семејните обврски на студентите? 2. Колку време им одземаат семејните обврски на студентите? 3. Дали ги толерира семејството кога не ги извршуваат семејните обврски поради студирањето? 4. Какви им се условите за учење и каде се подготвуваат за испити?**

*Слика бр. 1 Квалитативна анализа од интервјуата со професорите и со студентите*

| | Очекувања од семејството | Поддршка | Пречки |
|---|---|---|---|
| Професори | • Начин за подобрување на нивниот социоекономски статус.<br>• Се толерира ако се одложуваат студиите.<br>• Што побрзо да завршат. | • Има студенти кои добиваат целосна поддршка, некои делумна, а некои помала.<br>• Генерално студентите добиваат поддршка од семејствата.<br>• Ако семејството е со поголеми финансии, можат и повеќе да помогнат додека ако е во потешка финансиска состојба, помала е помошта. | • Разните нарушувања во семејството;<br>• Потешко е за студентите од другите градови поради сместување, видување со семејството и немање добри услови за учење. |
| Студенти | • Навремено полагање на колоквиумите (испитите), навремено дипломирање. | • Родителите ги поддржуваат како финансиски така и морално бидејќи самата поддршка од семејството е клучен фактор. | Студентите потешко добиваат финансиска поддршка кога се во приватна квота, па поради тоа се отпишуваат од факултетот и некои се префрлуваат на друг факултет. |

*Слика бр. 2 Квалитативна анализа од интервјуата со професорите и со студентите*

| | Семејни обврски | Толерирање од семејството | Услови за учење |
|---|---|---|---|
| Професори | • Семејствата најчесто им помагаат и студентите им помагаат ним.<br>• Ако се очекува да работи, тоа е во текот на летото.<br>• Ако работеле, во голем број случаи станале поодговорни и поспособни. | • Има различни семејства кои ги толерираат или не ги толерираат неисполнетите семејни обврски. | • Ако студентите доаѓаат од сиромашно семејство, сигурно ги немаат истите услови за учење како другите студенти кои се згрижени.<br>• Доколку нема услови за учење дома, тоа може да го прави во читалница, во универзитетската читалница или на својот факултет каде што и мора да има читалница.<br>• Државата треба да има социјални политики за тие проблеми. |
| Студенти | • Кај женскиот пол: чистење, готвење, одење во продавница, чување помали членови од семејството, и тоа без разлика на брачниот статус.<br>• Кај машките испитаници некои имаат семејни обврски, некои не и тие не се големи, не одземаат многу време. | • Семејството е толерантно во тој поглед и членовите од семејството покажуваат разбирање. | • Дома имаат услови за учење, повеќето имаат сопствена соба, pослободно и поудобно се чувствуваат зашто имаат поголем мир и услови за учење. Затоа испитите ги подготвуваат дома.<br>• Студентите кои учат во читалница тоа е најмногу поради греењето и мотивацијата што ја добиваат од колегите во потполната тишина. |

## I ПРОБЛЕМИТЕ ВО СЕМЕЈСТВАТА И ВО ОКОЛИНАТА СО КОИ СЕ СООЧУВААТ СТУДЕНТИТЕ : КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА НА ПРАШАЊАТА ОД АНКЕТИТЕ

### 1. Дали и каква поддршка ромските семејства им даваат на студентите?

Следува табелата со одговори за тоа каква поддршка им се дава на студентите од нивните семејства.

*Табела бр. 1 Семејни приходи и семејна поддршка*

| Семејни приходи и семејна поддршка – вкрстување | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Семејна поддршка | | | | | Вкупно |
| | | | ФИНАНСИСКА И МОРАЛНА | МОРАЛНА | МОРАЛНА СО РАБОТА | СОЗДАВААТ ПРЕЧКИ | НЕМА ПОДДРШКА | |
| Семејни приходи | до 6.000 ден. | Број | 7 | 2 | 0 | 0 | 0 | 9 |
| | | % од Семејни приходи | 77,80% | 22,20% | 0,00% | 0,00% | 0,00% | 100,00% |
| | 6.001 - 12000 ден. | Број | 10 | 5 | 0 | 0 | 1 | 16 |
| | | %одСемејни приходи | 62,50% | 31,20% | 0,00% | 0,00% | 6,20% | 100,00% |
| | 12001 - 18000 ден. | Број | 34 | 3 | 1 | 1 | 0 | 39 |
| | | % од Семејни приходи | 87,20% | 7,70% | 2,60% | 2,60% | 0,00% | 100,00% |
| | 18001 - 25000 ден. | Број | 15 | 3 | 0 | 0 | 0 | 18 |
| | | % од Семејни приходи | 83,30% | 16,70% | 0,00% | 0,00% | 0,00% | 100,00% |
| | над 25000 ден. | Број | 14 | 3 | 0 | 0 | 0 | 17 |
| | | % од Семејни приходи | 82,40% | 17,60% | 0,00% | 0,00% | 0,00% | 100,00% |
| Вкупно | | Број | 80 | 16 | 1 | 1 | 1 | 99 |
| | | % од Семејни приходи | 80,80% | 16,20% | 1,00% | 1,00% | 1,00% | 100,00% |

Следствено од податоците од табелата бр. 1, генерално студентите добиваат поддршка (до 97%). Но семејствата со помали семејни приходи до 12.000 ден. им помагаат на студентите финансиски и морално меѓу 62-77%, додека морално 20-30%. А кај семејствата со поголеми примања, финансиски и морално им помагаат над 80% и морално до 17%.

Според наодите од квалитативната анализа од интервјуата на студентите и на професорите од сликата бр. 1 се дава поддршка на студентите од нивните семејства зависно од нивната финансиска состојба, колку е подобра толку е и поголема помошта.

Оттаму со резултатите од табелата бр. 1 се совпаѓа тврдењето на професорите за големината на поддршката што ја добиваат студентите според големината на семејните приходи.

## 2. Кои се пречките кои ги имаат студентите во својата околина?

Ќе биде прикажана слика каде што се претставени одговорите на студентите за пречките што ги имаат во својата околина.

*Слика бр. 3 Студии според местото на живеење*







Студентите што студираат надвор од местото на живеење и студираат во Тетово, 25% од нив добиваат само морална поддршка од семејството, но не и финансиска. Исто така, и 20% од студентите кои студираат во Штип. Додека студентите кои студираат во своето место на живеење, 16% морална поддршка добиваат студентите од Скопје, меѓутоа не и финансиска. И најголем дел од студентите кои студираат во Тетово без разлика дали живеат таму или не, добиваат само морална поддршка, вкупно 18% од студентите кои студираат таму. Оттука може да се заклучи дека студентите добиваат иста поддршка од семејството без разлика на тоа дали студираат во своето место на живеење или во друг град.

Според квалитативната анализа од интервјуата со професорите и со студентите од сликата бр. 1 пречка на студентите е ако живеат во друг град и поради тоа имаат помали услови за учење. Но резултатите од графиконите на сликата бр. 3 покажуваат дека не се совпаѓаат со размислувањето на професорите. Студентите добиваат иста поддршка од семејствата без разлика на тоа дали студираат во своето место на живеење или надвор од него.

## 3. Кои се условите за учење на студентите во однос на местото на живеење и студирање?

Прикажана е табелата со одговорите за условите за учење, односно дали местото на студирање влијае врз учењето.

*Табела бр. 2 Губење самодоверба при слаб резултат*

<table>
<tr><th colspan="6">Подалечни студии* Губење самодоверба при слаб резултат Вкрстување</th></tr>
<tr><th colspan="3" rowspan="2"></th><th colspan="2">Губење самодоверба при слаб резултат</th><th rowspan="2">Вкупно</th></tr>
<tr><th>Да</th><th>Не</th></tr>
<tr><td rowspan="4">Подалечни студии[1]</td><td rowspan="2">Да</td><td>Број</td><td>10</td><td>18</td><td>28</td></tr>
<tr><td>% од Подалечни студии</td><td>35,70%</td><td>64,30%</td><td>100,00%</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Не</td><td>Број</td><td>25</td><td>46</td><td>71</td></tr>
<tr><td>% од Подалечни студии</td><td>35,20%</td><td>64,80%</td><td>100,00%</td></tr>
</table>

*Табела бр. 3 Губење самодоверба при учење*

| Подалечни студии* Губење самодоверба при учење Вкрстување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Губење самодоверба при учење | | Вкупно |
| | | | Да | Не | |
| Подалечни студии | Да | Број | 9 | 19 | 28 |
| | | % од Подалечни студии | 32,10% | 67,90% | 100,00% |
| | Не | Број | 21 | 50 | 71 |
| | | % од Подалечни студии | 29,60% | 70,40% | 100,00% |
| Вкупно | | Број | 30 | 69 | 99 |
| | | % од Вкупно | 30,30% | 69,70% | 100,00% |

Од двете табели процентот на студенти (32%) кои губат самодоверба кога имаат многу материјал за учење и кога ќе постигнат слаб резултат (35%) е ист и за студентите кои живеат во истиот град каде што студираат и надвор од него. Најверојатно ги имаат и истите услови за учење, затоа нема разлики во процентот на студенти кои губат и кои не губат самодоверба.

### 4. Дали студентите Роми имаат услови за учење дома?

Од анкетите на прашањето каде најчесто се подготвуваат за испити студентите одговориле:

*Табела бр. 4 Место за учење*

| Место * Место за учење* Вкрстување | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Место за учење | | | | Вкупно |
| | | | Универзитетска читалница | Градска читалница | Факултетска читалница | Дома | |
| Место | Скопје | Број | 3 | 5 | 3 | 52 | 63 |
| | | % од Место | 4,80% | 7,90% | 4,80% | 82,50% | 100,00% |
| | Тетово | Број | 3 | 0 | 1 | 7 | 11 |
| | | % од Место | 27,30% | 0,00% | 9,10% | 63,60% | 100,00% |
| | Штип | Број | 0 | 2 | 0 | 5 | 7 |
| | | % од Место | 0,00% | 28,60% | 0,00% | 71,40% | 100,00% |
| | Прилеп | Број | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 |
| | | % од Место | 0,00% | 0,00% | 0,00% | 100,00% | 100,00% |
| | Пехчево | Број | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 |
| | | % од Место | 0,00% | 0,00% | 0,00% | 100,00% | 100,00% |
| | Гостивар | Број | 0 | 1 | 0 | 7 | 8 |
| | | % од Место | 0,00% | 12,50% | 0,00% | 87,50% | 100,00% |
| | Битола | Број | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| | | % од Место | 0,00% | 0,00% | 0,00% | 100,00% | 100,00% |
| | Берово | Број | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 |
| | | % од Место | 0,00% | 0,00% | 0,00% | 100,00% | 100,00% |
| | Делчево | Број | 1 | 0 | 0 | 1 | 2 |
| | | % од Место | 50,00% | 0,00% | 0,00% | 50,00% | 100,00% |
| | Св. Николе | Број | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| | | % од Место | 0,00% | 0,00% | 0,00% | 100,00% | 100,00% |
| Вкупно | | Број | 7 | 8 | 4 | 80 | 99 |
| | | % од Место | 7,10% | 8,10% | 4,00% | 80,80% | 100,00% |

Од табелата бр. 4, нешто малку над 80% од сите испитани студенти учат дома, што би можело да значи дека најголем дел од студентите имаат услови за учење. Меѓутоа според градот и просторијата за учење, студентите Роми од Штип најмногу учат надвор од дома, во градската читалница (29%) и од Тетово во универзитетската читалница (27%).

Според квалитативната анализа од интервјуата претставени на  сликата бр. 2, професорите велат дека студентите од семејствата кои имаат помали финансии имаат помали услови за учење и ако немаат услови за учење тоа може да го прават во читалните. А според студентите сите имаат услови за учење, се подготвуваат дома. Во читалница одат само поради греење или мотивација при колегијално учење. Така што мислењето на испитаните студенти од интервјуата од сликата бр. 2 се согласуваат со испитаните студенти од анкетите. Најголемиот дел од студентите учат дома.

### 5. Дали семејните обврски им влијаат врз студирањето на студентите Роми?

Следува табелата каде што се прикажани одговорите на студентите за тоа колку семејни обврски имаат студентите според полот.

*Табела бр. 5 Семејни обврски*

| Пол * Семејни обврски* Вкрстување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Семејни обврски | | Вкупно |
| | | | Да | Не | |
| Пол | Машко | Број | 27 | 24 | 51 |
| | | % од пол | 52,90% | 47,10% | 100,00% |
| | Женско | Број | 27 | 21 | 48 |
| | | % од пол | 56,20% | 43,80% | 100,00% |
| Вкупно | | Број | 54 | 45 | 99 |
| | | % од пол | 54,50% | 45,50% | 100,00% |

Според анкетираните 99 студенти Роми, главно процентот на семејните обврски е изедначен. Од машките студенти 53% имаат семејни обврски, а студентките имаат 56%. Така што имаат еднакви семејни обврски според анкетата. Според квалитативната анализа на интервјуата на студентите и на професорите, поголеми семејни обврски имаат студентките (види слика бр. 2). Поголем дел од интервјуираните лица беа испитанички, женски пол, затоа нормално е да одговорат дека имаат повеќе обврски од машките, иако според традиционалните ромски семејства во домот жената има повеќе обврски, а надвор од домот тоа е мажот.

*Слика бр. 4 Семејни обврски на студентите според Универзитетите каде што студираат*



Од сите универзитети, студентите кои учат во УГД имаат најголем процент семејни обврски (71%), а најмалку студентите од УЈИЕ и од Европскиот универзитет со 68%. Во следниве табели е претставена поврзаноста на одговорите на студентите за нивните семејни обврски со нивното време за учење и самодовербата кога имаат многу материјал за учење.

*Табела бр. 6 Семејни обврски на студентите и нивното влијание врз организирање на времето за учење*

| Место * Организирање време за учење* Семејни обврски* Вкрстување | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Семејни обврски** | | | | **Организирање време за учење** | | | **Вкупно** |
| | | | | **Не** | **Делумно** | **Да** | |
| Да | Место | Скопје | Број | 0 | 20 | 16 | 36 |
| | | | % од Место | 0,00% | 55,60% | 44,40% | 100,00% |
| | | Тетово | Број | 0 | 4 | 2 | 6 |
| | | | % од Место | 0,00% | 66,70% | 33,30% | 100,00% |
| | | Штип | Број | 1 | 4 | 0 | 5 |
| | | | % од Место | 20,00% | 80,00% | 0,00% | 100,00% |
| | | Пехчево | Број | 0 | 1 | 0 | 1 |
| | | | % од Место | 0,00% | 100,00% | 0,00% | 100,00% |
| | | Гостивар | Број | 0 | 1 | 1 | 2 |
| | | | % од Место | 0,00% | 50,00% | 50,00% | 100,00% |
| | | Битола | Број | 0 | 0 | 1 | 1 |
| | | | % од Место | 0,00% | 0,00% | 100,00% | 100,00% |
| | | Берово | Број | 0 | 0 | 1 | 1 |
| | | | % од Место | 0,00% | 0,00% | 100,00% | 100,00% |
| | | Делчево | Број | 0 | 0 | 1 | 1 |
| | | | % од Место | 0,00% | 0,00% | 100,00% | 100,00% |
| | | Св.Николе | Број | 0 | 1 | 0 | 1 |
| | | | % од Место | 0,00% | 100,00% | 0,00% | 100,00% |
| | Вкупно | | Број | 1 | 31 | 22 | 54 |
| | | | % од Место | 1,90% | 57,40% | 40,70% | 100,00% |

Според местото, 80% од студентите од Штип не си го организираат времето за учење, а истото не го прават 67% од студентите од Тетово и 56% од студентите од Скопје. Или 57% од испитаните студенти Роми имаат семејни обврски кои влијаат врз организирањето на времето за учење.

*Табела бр. 7 Семејни обврски на студентите и нивното влијание врз самодовербата кога имаат многу материјал да учат за испит*

| Место * Учење за испит * Семејни обврски* Вкрстување | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Семејни обврски | | | | Учење за испит | | Вкупно |
| | | | | Да | Не | |
| Да | Место | Скопје | Број | 8 | 28 | 36 |
| | | | % од Место | 22,20% | 77,80% | 100,00% |
| | | Тетово | Број | 2 | 4 | 6 |
| | | | % од Место | 33,30% | 66,70% | 100,00% |
| | | Штип | Број | 3 | 2 | 5 |
| | | | % од Место | 60,00% | 40,00% | 100,00% |
| | | Пехчево | Број | 0 | 1 | 1 |
| | | | % од Место | 0,00% | 100,00% | 100,00% |
| | | Гостивар | Број | 1 | 1 | 2 |
| | | | % од Место | 50,00% | 50,00% | 100,00% |
| | | Битола | Број | 1 | 0 | 1 |
| | | | % од Место | 100,00% | 0,00% | 100,00% |
| | | Берово | Број | 1 | 0 | 1 |
| | | | % од Место | 100,00% | 0,00% | 100,00% |
| | | Делчево | Број | 0 | 1 | 1 |
| | | | % од Место | 0,00% | 100,00% | 100,00% |
| | | Св.Николе | Број | 0 | 1 | 1 |
| | | | % од Место | 0,00% | 100,00% | 100,00% |
| | Вкупно | | Број | 16 | 38 | 54 |
| | | | % од Место | 29,60% | 70,40% | 100,00% |

Според семејните обврски и местото, најмногу студенти од Штип (60%) губат самодоверба кога имаат многу материјал да учат за испит.

Според сликата бр. 4 и според табелите 6 и 7 може да се заклучи дека студентите од Штип кои живеат таму или учат на УГД имаат најмногу семејни обврски кои влијаат врз нивното организирање на времето за учење и губат самодоверба кога имаат многу материјал за учење за испит.

## II БРАК И СТУДИРАЊЕ

На следнава слика (слика бр. 5) е прикажана мрежа од одговорите на професорите и на студентите од интервјуата. Во сликата се сумирани нивните одговори според прашањата: 1. Што мислите за брачниот статус и студирањето (во текот на студирањето)? 2. Дали сопругот/сопругата дава поддршка за студирањето? 3. Што мислат за можноста, тешкотиите кога двајцата сопружници би студирале истовремено? 4. Може ли стапувањето во брак да има и свои предности при студирањето?




*Слика бр.5 Квалитативна анализа од интервјуата со професорите(лево) и студентите(десно)*

### 6. Дали е возможно да се биде во брак и да се студира?

При анкетирањето на студентите се утврди дека нема студенти кои се во брачна состојба и затоа никој во анкетите не пополни некои прашања кои беа наменети за тие студенти. Поради тоа анализата од интервјуата за бракот и за студирањето нема да може да се споредува или да се докажува со помош на одговорите од анкетите. Според квалитативната анализа од интервјуата со професорите и со студентите може да се заклучи од наодите на слика бр. 5 дека е возможно студирањето и да се биде во брак. Се преферира да се размислува за брак по завршување на студиите поради оптоварувањата кои може да се јават. Но ако веќе се размислува за брак, тогаш размислувањата се да не се одложува стапувањето во брак или студирањето. Зашто ако се започне студирањето сѐ потешко ќе биде подоцна во бракот и ќе траат повеќе време студиите. Во врска со поддршката – колку поддршка можат да даваат двајцата сопружници кога едниот од нив студира или кога двајцата сопружници студираат – речиси сите велат дека е еднаква поддршката. Според професорите ако двајцата студираат, ќе се мотивираат да завршат побрзо со студиите, но ќе имаат финансиски проблем ако не работат или ако бараат работа. А според студентите, и доколку двајцата се вработени и студираат, може да имаат проблеми околу семејните потреби. Тешкотии што може да ги имаат се доколку живеат со родителите и ако имаат деца. Во првиот случај може да биде потензично за сопругата ако студира и/или работи и прашање ќе биде должноста околу грижата на детето.

## III ЕМОТИВНАТА СОСТОЈБА КАЈ СТУДЕНТИТЕ

На сликата бр. 6 се претставени сумираните одговори од интервјуата на професорите и на студентите. Студентите и професорите одговараа на прашањава: 1. Колку емотивната состојба влијае врз студирањето на студентите Роми? и 2. Дали студентите имаат проблеми со професорите, студентите и со студентската служба?

### 7. Колку емотивната состојба на студентите или интерперсоналните односи влијаат врз студирањето?

**Професори**

- И студентите и професорите не внимаваат да ги променат односите ако се однесуваат недолично.
- Студентите не знаат како да се однесуваат.
- Проблем може да биде незадоволството од неможноста да се реализираат целите.
- Студентите треба да ги искажат своите чувства на професорите и тие да понудат помош.
- Се докажало дека студентите кои потекнуваат од хармонични семејства имаат поголеми успеси за разлика од семејствата со проблеми.

- Многу влијае емотивната состојба во студирањето.
- Има тешки односи професор-студент.
- Има студенти кои се отворени и затворени личности.

**Студенти**

- Колегијални проблеми (студент-студент);
- Дел од студентите успеваат да се справуваат со емоциите, а дел не успеваат да ги контролираат.

*Слика бр. 6 Квалитативна анализа од интервјуата со професорите (лево) и со студентите(десно)*

Според квалитативната анализа од интервјуата, а врз основа на изјавите на студентите Роми кои проблеми ги имаат во односите со професорите се: дискриминација или потценување од професор; еден случај на намалување поени откако една испитаничка ѝ кажала на професорка дека ѝ требаат повеќе поени за да добие повисока оценка за стипендија; потоа еден случај на намалување поени при увид и изгубен тест. А проблемите со студенти се: изградени предрасуди дека ќе бидат претепани ако навредат некој Ром; не сакаат да се дружат со нив, да комуницираат зашто имало расна дискриминација (темен тен на кожата).

## ЕМОТИВНАТА СОСТОЈБА КАЈ СТУДЕНТИТЕ: КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА НА ПРАШАЊАТА ОД АНКЕТИТЕ

Следнава слика бр. 7 и табелите бр.8-15 ги прикажуваат интерперсоналните односи на студентите Роми со нивните професори, колегите (другите студенти), студентската служба и со семејствата дома како и со друштвото, околината.

*Слика бр. 7 Проблеми на студентите со професорите од универзитетите каде што студираат*




Податоците за студентите од Европскиот универзитет не беа земени предвид (во анализата) зашто беа испитани само тројца, а само еден одговорил потврдно на прашањето дали имал проблеми со професорите. Податоците за студентите од другите универзитети покажуваат дека студентите од УКИМ во најголем процент имаат проблеми со професорите, 26% од нив. Втор е УГД со 21.5% од студентите кои го одговориле истото. Оттука се забележува дека 20% од сите студенти Роми имаат проблеми со професорите. Овој податок се совпаѓа со тврдењата и на професорите и на студентите според квалитативната анализа од интервјуата на слика бр. 6, кои велат дека постои тежок однос меѓу професорите и студентите. Следното прашање во анкетата се однесуваше на тоа дали студентите имаат проблеми меѓу себе (меѓу студентите).

*Табела бр. 8 Проблем со студенти*

| Одговор | Број | Проценти |
|---|---|---|
| Не | 90 | 90.9 |
| Да | 9 | 9.1 |
| Вкупно | 99 | 100.0 |

Оттука (табела бр. 8) може да се увиди дека 90% од студентите Роми велат дека немале проблеми со другите студенти.

Сознанијата од квалитативната анализа на интервјуата со студентите покажуваат дека колегијалните проблеми не се многу присутни кај повеќето студенти. Така што има разлика меѓу квалитативната и квантитативната анализа, но не може да се објасни зошто тоа е така врз основа на расположливите податоци.

*Табела бр. 9 Проблеми со студентска служба*

| Одговор | Број | Проценти |
|---|---|---|
| Не | 74 | 74.7 |
| Да | 25 | 25,3 |
| Вкупно | 99 | 100.0 |

Освен проблеми со професорите, студентите имале проблеми и со студентската служба како што може да се забележи во табелата бр. 9. 25% од сите испитани студенти се изјасниле дека имале проблеми со студентска служба. Во однос на прашањето колку соработуваат и за што соработуваат со другите студенти, се добиени следниве одговори.

*Табела бр. 10 Соработка со колеги*

| Одговор | Број | Проценти |
|---|---|---|
| Не | 81 | 81,8 |
| Да | 18 | 18,2 |
| Вкупно | 99 | 100 |

*Табела бр. 11 Дружба со колеги*

| Одговор | Број | Проценти |
|---|---|---|
| Не | 67 | 67,7 |
| Да | 32 | 32,3 |
| Вкупно | 99 | 100 |

*Табела бр. 12 Разменување книги*

| Одговор | Број | Проценти |
|---|---|---|
| Не | 41 | 41.4 |
| Да | 58 | 58.6 |
| Вкупно | 99 | 100.0 |

*Табела бр. 13 Разменување тетратки*

| Одговор | Број | Проценти |
|---|---|---|
| Не | 30 | 30.3 |
| Да | 69 | 69.7 |
| Вкупно | 99 | 100.0 |

*Табела бр. 14 Заедничко учење*

| Одговор | Број | Проценти |
|---|---|---|
| Не | 35 | 35.4 |
| Да | 64 | 64.6 |
| Вкупно | 99 | 100.0 |

Од табелите може да се види дека над 80% од студентите Роми соработуваат со колегите на факултетите; 67% се дружат со своите колеги, 41% разменуваат книги меѓусебе, а заеднички учат и разменуваат тетратки 30% од студентите. Податоците сигурно докажуваат дека студентите Роми се дружат или соработуваат со другите колеги. Според наодите од квалитативната анализа од интервјуата, и одпрофесорите и студентите на сликата бр. 6 се согласуваат дека студентите Роми можат да бидат интровертни и екстровертни. Не може со сигурност да се потврдат размислувањата на професорите и студентите, но од квантитавната и од квалитативната анализа може да се утврди дека поголем дел од студентите Роми имаат голема соработка со студентите од другите националности.

Следно нешто што се истражува е дали екстровертноста (искажувањето чувства во јавноста) или интровертноста (повлеченоста на студентите) може да им донесе проблеми како што е со професорите или со студентската служба.

*Табела бр. 15 Искажување чувства дома и на факултет (студентска служба)*

| Студентска служба * чувства со домашните – Вкрстување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Чувства со домашните | | Вкупно |
| | | | Да | Не | |
| Студентска служба | Не | Број | 31 | 43 | 74 |
| | | % од студентска служба | 41,90% | 58,10% | 100,00% |
| | | % of Вкупно | 31,30% | 43,40% | 74,70% |
| | Да | Број | 8 | 17 | 25 |
| | | % од студентска служба | 32,00% | 68,00% | 100,00% |
| | | % of Вкупно | 8,10% | 17,20% | 25,30% |
| Вкупно | | Број | 39 | 60 | 99 |
| | | % од студентска служба | 39,40% | 60,60% | 100,00% |

Од вкрстувањето на одговорите на прашањето дали ги искажуваат чувствата во јавност – на факултет, со момче/девојка, со домашните и во друштво со прашањето дали имаат проблеми со професорите и со студентска служба, најголем процент проблеми беше со студентската служба и со искажувањето на чувства со домашните. 17 студенти (68%) од вкупно 25 кои имаат проблеми со студентската служба не ги искажуваат јавно своите чувства дома.

Оттука може да се увиди дека кај мал дел од студентите (17%) од вкупно 99 студенти не ги искажуваат јавно своите чувства дома, но имаат проблеми со студентската служба. Дали е во прашање интровертноста, не може со сигурност да се утврди со спроведените анкетирања и интервјуа.

## IV УПОТРЕБА НА СТАТИСТИЧКИТЕ МЕТОДИ НА КОРЕЛАЦИЈА И ХИ-КВАДРАТ

Физичките услови (каде живеат, каде учат, колку членови им брои домаќинството, во колку соби живеат) не влијаат врз навременото завршување. И доколку се видат општите табели ќе се види дека овие студенти генерално живеат во добри услови и најголемиот број имаат поддршка од семејството, веројатно затоа и нема разлика меѓу нив. Од сите физички и психички услови во кои живеат и кои ги опкружуваат студентите, само три се поврзани со ненавременото завршување: соработка со колегите, имањето семејни обврски и ставот дека семејните обврски оневозможуваат да се најде време за учење за испит. Општо кажано, оние студенти кои имаат семејни обврски и слабо соработуваат со колегите се оние студенти кои имаат повеќе проблеми во текот на студиите.

Подолу се добиените поединечни корелации кои се значајни:

| Соработка со колеги Поврзаност на варијаблата со следните варијабли: | Добиена корелација | Ниво на значајност |
|---|---|---|
| Варијабла 70 скратена Студентите навеле или не навеле три проблема | 0,335 | 0,01 |
| Варијабла 71<br>Дали има или нема тешкотии (да или не) за совладување на материјалите за учење + вкупно проблеми на факултет (0-3) + има или нема (да или не) проблеми со кредити | 0,215 | 0,05 |
| Варијабла 72<br>71 + 23 (проблеми и сегашна мотивација) | 0,230 | 0,05 |
| Варијабла 73<br>Проблеми и свесност за проблеми 71 + 47 + 70 | 0,254 | 0,05 |
| Варијабла 74<br>Проблеми, свесност за нив и мотивација | 0,269 | 0,01 |

| Поврзаност на варијаблата семејни обврски (има/нема) со следниве варијабли: | Добиена корелација | Ниво на значајност |
|---|---|---|
| Варијабла 32 скратена (има или нема тешкотии со материјалот за учење) | -0,218 | 0,05 |
| Варијабла 47 (наведување конкретен проблем) | -0,201 | 0,05 |
| Варијабла 67 (собрани проблеми со професори, студенти, администрација) | -0,290 | 0,01 |
| Варијабла 71<br>Дали има или нема тешкотии (1 или 0) за совладување на материјалите за учење + вкупно проблеми на факултет (0-3) + има или нема (1 или 0) проблеми со кредити | -0,374 | 0,01 |
| Варијабла 72<br>71 + 23 (проблеми и сегашна мотивација) | -0,357 | 0,01 |
| Варијабла 73<br>Проблеми и свесност за проблеми 71 + 47 + 70 | -0,347 | 0,01 |
| Варијабла 74<br>Проблеми, свесност за нив и мотивација | -0,349 | 0,01 |
| Поврзаност на варијаблата 38. 3 семејните обврски му пречат да најде време за учење со следниве варијабли: | Добиена корелација | Ниво на значајност |
| Варијабла 47 (наведување конкретен проблем) | -0,210 | 0,05 |
| Варијабла 72<br>71 + 23 (проблеми и сегашна мотивација) | -0,207 | 0,05 |
| Варијабла 73<br>Проблеми и свесност за проблеми 71 + 47 + 70 | -0,208 | 0,05 |
| Варијабла 74<br>Проблеми, свесност за нив и мотивација | -0,224 | 0,05 |

## VI ЗАКЛУЧОЦИ

1. Речиси сите семејства (81%) им помагаат на студентите, и финансиски и морално. Но оние семејства кои се со помали семејни приходи очекувано нудат повеќе морална поддршка отколку финансиска.
2. 80% од студентите учат дома. Меѓутоа според градот и просторијата за учење, студентите Роми од Штип најмногу учат надвор од дома, во градската читалница (29%) и од Тетово во универзитетската читалница (27%);
3. Семејните обврски им влијаат на студентите врз учењето, особено врз организирањето на времето за учење (57.4% од студентите) и кога имаат голем материјал за учење за испит и губат самодоверба (29.6% од студентите). Студентите кои учат на УГД имаат најголем процент семејни обврски (71%) и тие влијаат врз нивното организирање на време за учење (80% од студентите). Најмногу студентите од Штип (60%) кои имаат семејни обврски губат самодоверба кога имаат многу материјал за испит.
4. Ставот на студентите според податоците од квалитативната анализа од интервјуата е дека може да се биде во брак и да се студира. Можат да си даваат еднаква поддршка еден на друг во бракот, но ќе има доста тешкотии поради што студирањето може да потрае повеќе и дипломирањето да не биде навремено.
5. 20% од студентите Роми имаат проблеми со професорите. Студентите од УКИМ во најголем процент (споредено со другите) имаат проблеми со професорите – 26% од нив. Втор е УГД со 21.5%. Има тежок однос меѓу професорите и студентите – велат една петтина од студентите од интервјуата, и тоа се согласува со испитаните студенти од анкетите.
6. 25% од студентите имале проблеми со студентска служба. Од нив 17 студенти (68%) од вкупно 25 кои имаат проблеми со студентската служба не ги искажуваат своите чувства со домашните, јавно.
7. Според методот на корелација оние студенти кои имаат семејни обврски и слабо соработуваат со колегите се оние студенти кои имаат повеќе проблеми во текот на студиите.

Од набројаните тешкотии со кои се соочуваат студентите Роми се докажува хипотезата дека домашните услови и околината кај студентите Роми го отежнуваат и/или го оневозможуваат процесот на студирање.

# ХИПОТЕЗА 4

**Беше поставена четвртата хипотеза која претпоставуваше дека малите можности за вработувањето на високообразованите Роми во Република Македонија ја намалуваат мотивацијата кај студентите Роми за навременото, а воопшто и за завршувањето на студиите.**

Од интервјуата и анкетите се сумирани одговорите од прашањата кои ги приближуваат со хипотезата, тврдењето за малите можности во вработувањето на високообразованите Роми во Република Македонија ја намалуваат мотивацијата кај студентите Роми за навременото, а воопшто и за завршувањето на студиите.

Следува квалитативната анализа на интервјуата со професорите и со студентите за мотивацијата кај студентите.

На сликата се сумирани одговорите според прашањата кои им беа поставени на студентите и на професорите: **1. Каква им е мотивацијата на студентите при упис на факултет и сега?** и **2.Зошто паѓа или се зголемува мотивацијата кај студентите?**

Мотивација

## ПРОФЕСОРИ

- При упис е поголема.
1. Во текот на студирањето опаѓа.
2. Најмногу опаѓа поради немање работа.
3. Барањето работа трае подолго време.
4. Разочарани студенти поради непотистичко и корумпирано општество.
- Мотивацијата опаѓа ако се запишале на факултет:
1. Поради родителите.
2. Да се пополни време доколку не работат.
3. Затоа што сите се запишуваат на факултет.

## СТУДЕНТИ

Мотивацијата при упис е голема поради:
-Единственоста да се студира во поширокото семејство.
-Придонес во заедницата.
-Следење позитивни примери на студенти и дипломирани Роми.
-Поради поголема заработувачка со високо образование во споредба со помалата заработувачка со пониско образование.
-Менување на ставовите на другите нации и прекинување на предрасудите и стереотипите за Ромите.
*Во текот на студирањето мотивацијата опаѓа.
*На студентите кои се апсолвенти мотивацијата им е да дипломираат, да ја реализираат својата цел.
*Кај повеќето од студентите им е иста како на почетокот така и во текот на студирањето.
*Некои студенти кои имаат желба се борат и успеваат во тоа.
-Студенти кои заминале во странство се соочуваат со тешкотии, но ги надминале сите тешкотии и успеале.
*Намалена е мотивацијата поради:
-Неорганизираноста на факултетот, неинформираност за некои предмети, посветување време, потреба од добри финансиски услови и строги критериуми на професорите.

*Слика бр. 1 Квалитативна анализа од интервјуата со професорите и со студентите*

## I МОТИВАЦИЈА – КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА НА ПРАШАЊАТА ОД АНКЕТИТЕ

### 1. Каква им е мотивацијата на студентите при уписот и во текот на студиите?

На следнава табела можат да се разгледаат одговорите на студентите во однос на тоа каква им била мотивацијата при упис на факултет.

*Табела бр. 1 Мотивација на студентите при упис*

| Мотивација | Број | Процент |
|---|---|---|
| Многу голема | 54 | 54.5 |
| Голема | 43 | 43.4 |
| Мала | 1 | 1.0 |
| Многу мала | 1 | 1.0 |
| Вкупно | 99 | 100.0 |

Од табелата бр. 1 може да се забележи мотивацијата кај студентите, односно многу голема е 54,5%, голема 43,4%, а мала е 2% .

Според квалитативната анализа на интервјуата со професорите и со студентите на слика бр. 1, мислењето на професорите и на студентите е дека мотивацијата кај студентите при упис е поголема.
Така што се совпаѓаат мислењата на професорите и студентите од интервјуата со резултатите од табелата бр. 1, 97,9% од испитаниците имаат голема мотивација при упис на факултет.

Во табелата бр. 2 ќе се испитуваат одговорите на студентите како ја донеле одлуката да се запишат на факултетот на кој студираат.

*Табела бр. 2 Одлука за факултет*

| Одлука за факултет | |
|---|---|
| **Причина** | **Број** |
| желба | 25 |
| родители | 7 |
| другари | 4 |
| позитивни примери | 9 |
| прв од фамилија | 3 |
| кариера | 16 |
| брзо вработување | 5 |
| добра плата | 7 |
| стекнување знаење | 11 |
| без политичко влијание | 1 |

На студентите им беше дадено да ги рангираат причините поради кои се одлучиле да се запишат на факултет. Можеа да рангираат три причини, првото како најважно и другите две помалку важни според редоследот.

Од табелите со рангирање беше направен просек на секој ранг врз основа на тоа што им било најважно на студентите да се запишат на факултет. На прво место е желбата да се запишат на факултетот, за 25 студенти од 99 студенти. Додека на второ и трето место се кариерата (за 16 студенти) и усовршување на нивното знаење (11 студенти). На значителен број – 9 студенти им биле позитивни примери дипломираните студенти.

Важно е да се спомене и дека сите студенти не одговарале за втората и третата причина како најважни, затоа не можевме да поставиме број на вкупно студенти кои одговориле на ова прашање, дополнително и при правењето просек.
Оттука можеме да заклучиме дека студентите во најголем број се запишале поради лична желба, усовршување на знаењето и поради кариера. Само седуммина од студентите се запишале поради родителите.

Според квалитативната анализа на интервјуата од сликата бр. 1, мотивацијата опаѓа кај студентите ако се запишале на факултет поради родителите, да пополнат време ако не работат и затоа што сите се запишуваат на факултет, па и тој/таа да се запише на факултет.

Според заклучокот за табелата бр. 2 студентите повеќе се запишале поради лична желба, развој на знаењето и поради кариера, така што не се совпаѓа со мислењето на професорите дека опаѓа мотивацијата на студентите ако се запишале на факултет поради родителите, да пополнат време ако не работат и затоа што сите се запишуваат на факултет.

Во табелата која следи се претставени одговорите на студентите во однос на тоа кои се причините за ненаоѓање работа по студиите.

*Табела бр. 3 Причини за ненаоѓање работа на студентите по студиите*

| Причини | Број | Процент |
|---|---|---|
| Работно искуство | 7 | 11.6 |
| Поткуп | 2 | 3.3 |
| Политичка партија | 33 | 55 |
| Пријателски/роднински врски | 8 | 13.3 |
| Обуки | 1 | 1.6 |
| Дискриминација | 9 | 15 |
| Вкупно | 60 | 100.0 |

Како што се гледа од табелата бр. 3, 55% од студентите како главна причина за ненаоѓањето работа го наведуваат членството во политичка партија. Потоа со 15% е дискриминацијата врз основа на ромската етничка припадност. И 13% или 11% се за потребата од пријателски/роднински врски или од работно искуство за да се влезе брзо на работа.

Според сликата бр. 1 од квалитативната анализа на интервјуата, професорите велат дека студентите се разочарани од непотистичкото и корумпирано општество.

Резултатот од табелата бр. 3 делумно се совпаѓа со мислењето на професорите дека студентите се разочарани од непотистичкото и корумпирано општество. Потребни се пријателски/роднински врски за да најдат работа студентите и затоа можеби за нив општеството е непотистичко, но не може да се поврзе со корумпираноста зашто само 3,3% сметаат дека може со поткуп да најдат работа.

На следната табела се прикажани одговорите на студентите во однос на тоа што мислат колку брзо ќе најдат работа по студиите.

*Табела бр. 4 Брзо наоѓање работа*

| | | | Брзо наоѓање работа | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ДА | НЕ | Не знам | |
| Работен статус | Невработен | Број | 18 | 9 | 48 | 75 |
| | | % работен стаусус | 24,0% | 12,0% | 64,0% | 100,0% |
| | | % Вкупно | 18,2% | 9,1% | 48,5% | 75,8% |
| | Хонорарец | Број | 3 | 3 | 13 | 19 |
| | | % Работен статус | 15,8% | 15,8% | 68,4% | 100,0% |
| | | % Вкупно | 3,0% | 3,0% | 13,1% | 19,2% |
| | Вработен | Број | 3 | 1 | 1 | 5 |
| | | % Работен статус | 60,0% | 20,0% | 20,0% | 100,0% |
| | | % Вкупно | 3,0% | 1,0% | 1,0% | 5,1% |
| Вкупно | | Број | 24 | 13 | 62 | 99 |
| | | % работен статус | 24,2% | 13,1% | 62,6% | 100,0% |
| | | % Вкупно | 24,2% | 13,1% | 62,6% | 100,0% |

Во однос на тоа дали ќе најдат брзо работа по дипломирање, дури 62% од студентите одговориле не знам, 13,1% одговориле не. Само 24% одговориле дека брзо ќе најдат работа. Од невработените студенти, 64% мислат дека нема да најдат работа по нивното дипломирање.

На сликата бр. 5 е дадено вкрстување на мотивацијата при запишување на факултет на студентите со брзото наоѓање на работа.

*Слика бр. 5  Вкрстување на мотивацијата при запишување со брзо наоѓање работа*




Според сликата бр. 5 со вкрстување на мотивацијата при упис со брзото наоѓање работа, се доаѓа до податокот дека само 25% од студентите кои биле мотивирани при упис мислат дека ќе најдат брзо работа и 60% кои имаат висока мотивација не знаат дали ќе најдат работа брзо.

На следнава слика бр. 6 се поврзани одговорите за мотивацијата на студентите во текот на студиите со наоѓањето работа.

*Слика бр.6 Вкрстување на сегашната мотивација  со брзото наоѓање работа*




Според сликата бр 6 при вкрстување на мотивацијата со брзото наоѓање работа, само 23% од студентите со висока сегашна мотивација мислат дека брзо ќе најдат работа. А со не знам одговориле 55% од студентите со висока мотивација. Се зголемува бројот на студенти со пониска мотивација, а и бројот на студенти кои мислат дека нема да најдат брзо работа по студиите или делумно ќе биде тоа.

Кај двете слики бр. 5 и 6  во делот за мотивација при уписот на студентите Роми и сегашната мотивација има мал пад.

Од 54 студенти со голема мотивација при упис, во текот на студиите се намалува на 33 студенти (односно за 49%). Бројот на студентите кои не знаеле дали ќе најдат брзо работа при упис со голема мотивација од 32 студенти се намалил во текот на студиите на 23 студенти (се намалил за 39%).

Од оние кои при уписот имале голема мотивација и не знаеле дали ќе најдат брзо работа потоа, останале само 19 студенти од нив (всушност се намалил за 41%).

Според сликата бр. 1 од квалитативната анализа на интервјуата со професорите и со студентите, професорите и студентите го делат мислењето дека мотивацијата опаѓа кај студентите во текот на студиите.
Оттука се согледува дека се совпаѓа мислењето на професорите и на студентите од квалитативната анализа на интервјуата со податоците, резултатите од сликите бр. 5 и 6.

## II УПОТРЕБА НА СТАТИСТИЧКИТЕ МЕТОДИ НА КОРЕЛАЦИЈА И ХИ-КВАДРАТ

Кога станува збор за корелацијата на перцепцијата за брзо наоѓање работа со мотивацијата за учење, најдена е статистичка значајна корелација $r=-0{,}242$ $p<0{,}05$ што би значело дека оние студентите кои мислат дека брзо ќе најдат работа имаат и повисока мотивација за учење.

## III ЗАКЛУЧОЦИ:

1. Мотивацијата во текот на студирањето опаѓа. Најмногу опаѓа поради тоа што:
- Барањето работа трае подолго време.
- Студентите се разочарани поради непотистичкото општество.
2. 55% од студентите како главна причина за ненаоѓањето работа ја избираат потребата од членство во политичка партија. Потоа со 15% е дискриминацијата врз основа на ромската етничка припадност. И 13% или 11% се за потребата од пријателски/роднински врски или од работно искуство за да се најде брзо работа.
3. Има пад на високата мотивација при уписот во однос на мотивацијата во текот на студиите. Има намалување за 49%.
4. Според употребата на статистичките методи на корелација и хи-квадратот се дојде до резултатот дека студентите кои мислат дека брзо ќе најдат работа имаат и повисока мотивација за учење.

Оттука хипотезата која гласи: Малите можности за вработувањето на високообразованите Роми во Република Македонија ја намалуваат мотивацијата кај студентите Роми за навременото, а воопшто и за завршувањето на студиите, е точна. Затоа што мотивацијата опаѓа кога се споредува мотивацијата кај студентите при упис и во текот на студиите, затоа што барањето работа трае подолго време и студентите се разочарани поради непотистичкото општество. Други причини се потребата од членство, пријателските и роднинските врски и работното искуство за да се најде брзо работа. На студентите Роми ромската етничка припадност им отежнува за да најдат работа по студиите. Поради тие причини кај студентите Роми се намалува мотивацијата за завршување на студиите.

# ПРЕПОРАКИ

| | |
|---|---|
| 1,3,4,5,6,11,13 | Претпријатија |
| 1, 3, 4, 5, 6, 7, 9, 11, 12, 13 | Јавни институции |
| 7, 8, 10, 13, 15, 16, 17 | Студенти |
| 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17 | Невладини организации |

*Слика бр. 1 Препораки според вршител на дејноста*

На сликата бр.1 се дадени вршителите или кој ја има можноста да ја изврши дејноста која е дадена од препораката. Станува збор за претпријата, јавните институции , невладините организации и студентите. Дадени се вкупно 17 препораки. Подолу се објаснети препораките и кој може да ја изврши препораката.

1. Бидејќи 24,2% од студентите Роми работат и 71% од нив делумно го организираат времето за учење, треба **да се направат програми за студентите Роми преку кои ќе може да заработуваат хонорарно** без да одделуваат многу време, односно да им останува поголем дел од времето за учење, за подготвување на испитите. Добро би било работното ангажирање да биде поврзано со насоката на студии. Така што тоа ќе претставува практична настава за студентот, но и ќе има приходи за да може да ги покрие студентските трошоци.
2. **Студентите кои доаѓаат од семејства со повисоки примања** (33% од студентите) би можеле да посетуваат обуки за планирање на трошоците затоа што поради поголемите трошоци кои ги имаат, мора и да се вработат. За разлика од студентите од семејства со пониски приходи (до 12.000 ден.) кои  не се ангажираат работно.
3. **Организациите, институциите и претпријатијата кои нудат стипендии на студентите Роми треба да ги зголемат стипендиите за студентите кои студираат надвор од градот каде што живееле со семејството** и живеат во градот каде што студираат. Зашто 35% (7) од студентите кои живеат надвор од местото на живеење не се задоволни со стипендијата  поради  трошоците.
4. Политичките партии, невладините организации и институциите повеќе да се ангажираат за вработување на дипломираните Роми затоа што тие се соочуваат со дискриминација врз етничка основа, дискриминација врз партиската припадност, потреба од пријателски/роднински врски и од работно искуство за да можат да се вработат. Треба **да се направат кампањи за да се стимулира државниот и приватниот сектор да им даде можност на дипломираните Роми да се вработат или да стекнат работно искуство кое ќе им помогне во вработувањето или самовработувањето**. Во текот на студиите има пад кај мотивацијата на студентите споредбено со мотивацијата при упис на факултет поради тоа што студентите мислат дека по студиите нема да најдат брзо работа. Со кампањите и поголемото вработување на дипломираните Роми, на следните генерации студенти ќе им се зголеми мотивацијата за учење во текот на студиите.
5. **Со стипендијата треба да се нуди целосна поддршка на студентите, почнувајќи од првата година, па сè до крајот на студиите за да се мотивираат студентите да дипломираат навремено, а притоа запазувајќи ги условите за добивање на стипендијата.** Затоа што ако не бидат поддржани последната година има ризик студентите да не ги завршат студиите или да не биде навремено дипломирањето. Успешноста за мотивирање на студентите преку стипендија да дипломираат се докажува со анализата во истражувањето, односно оние студенти кои земале или земаат стипендија имаат сè помалку проблеми, поретко наведуваат конкретни проблеми и имаат повисока мотивација за учење.
6. **Организациите кои нудат стипендии на студентите Роми да внимаваат на родовата еднаквост во давањето на стипендиите.** Зашто иако помал број се студенти од женски пол што добиваат стипендија, сепак, повеќе студентки Ромки дипломираат во споредба со студентите од  машки пол.

7. **Треба да се создадат програми за младите Роми кои имаат потенцијал да бидат студенти уште во текот на нивното средно образование, а се со најниски семејни месечни приходи, да се поттикнат за запишување на студии** и да се информираат за можностите да се стекнат со стипендија. Според податоците тие во најмал број се запишуваат на факултет во однос на студентите Роми со повисоки семејни приходи. Тие треба да имаат и предност за стипендија во споредба со студентите од семејствата со повисоки месечни приходи.
8. Невладините организации, а и самите студенти можат да си помогнат и **да бараат литература која може подобро да ја објасни содржината од учебниците на факултетите.**
9. Невладините организации можат **да ги стимулираат студентите, да ги информираат за посетите на музеи, културни манифестации, изложби и на промоции за да се искористат како културни ресурси за подготвување на испитите** од студентите. Можат да ги стимулираат и да користат дополнителна македонска литература и странска литература како образовни ресурси по предметите на факултет. Тоа можат да го направат со лично пренесување на знаењата од студентите кои ги поминале предметите кои им се најтешки на студентите или да им оставaт материјали или забелешки кои ги користеле за да научат, да го поминат испитот.
10. **Да се организираат обуки како студентите да се снаоѓаат со обемни материјали**, како побрзо да се прочитаат, да се селектираат информациите и да се запомнат, да се совладаат материјалите кои им се дадени на факултет.
11. Невладините организации и институциите треба **да ги мотивираат студентите Роми да одат на практика и да волонтираат** зашто 37% од анкетираните не посетиле практика и 46% не волонтирале ниту еднаш. Мотивирањето може да го направат со плаќање на трошоците кои студентите би ги имале за пат и храна. Невладините организации и институции треба да разгледат што повеќе места каде што студентите ќе можат да изберат каде да ги извршат својата практика и волонтерството бидејќи дел од студентите не знаат каде да побараат практика и да волонтираат (28,5% за практика и 38,46% за волонтирање).
12. Невладините организации и институциите треба **да ја промовираат литературата која ја имаат во своите библиотеки**, да ги задолжат студенти да подготват презентации за секоја книга во однос на содржината и кому од студентите би му било важно да ја прочита затоа што студентите Роми најмалку ја користат библиотеката (72,7% од анкетираните) и книгите (51,5% од студентите) како услуги од институциите и од невладините организации.
13. Да се учествува во емисии кои се гледани кај ромската заедница и **да се мотивира женската популација повеќе да се запишува на факултет** затоа што тие помалку се запишуваат како студенти на факултет во однос на машките, но, сепак, поголем е процентот на студентките Ромки кои дипломираат.
14. **Да се спроведуваат обуки за развој на самодовербата кај студентите Роми и да научат подобро да го организираат времето за учење**. Зашто преку истражувањето беше откриено дека тие што имаат поголема самодоверба и подобро го организираат своето време за учење, имаат поголема мотивација за учење и имаат помалку проблеми на факултет и во околината.
15. **Да се учествува во емисии кои се гледани од ромската заедница за да се покаже колку семејните обврски влијаат врз студиите на студентите**. Семејствата на студентите да разберат зошто не треба да ги ангажираат студентите кога тие треба да учат, да се подготвуваат за испитите. Тие емисии најмногу треба да се одржуваат за ромската заедница од Штип, затоа што студентите кои учат на УГД имаат најголем процент на семејни обврски (71%) и тие влијаат врз нивното организирање на времето за учење (80% од студентите).
16. **Студентите да учествуваат во емисии и да се пренесат нивните искуства и мислења поврзани со бракот и со студирањето**, за да не вршат притисоци семејствата на студентите Роми за стапување во брак или студентите да разгледаат колку ќе можат и да бидат во брак, да ги извршуваат потребите на семејството и да студираат.
17. ***Да се одржуваат обуки за комуникациски вештини и за справување со конфликти*** зашто 20% од студентите Роми имаат проблеми со професорите. Но, и според методот на корелација оние студенти кои имаат семејни обврски и слабо соработуваат со колегите се оние студенти кои имаат повеќе проблеми во текот на студиите. Со овие обуки студентите Роми ќе можат да имаат поголема соработка со колегите и ќе имаат помалку проблеми на факултет.

# АНЕКС

## „ПОПУЛАЦИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ“

| 2015 / 2016 | | | Процент | |
|---|---|---|---|---|
| | Запишани вкупно | Жени | Запишани вк. | Жени |
| Вкупно | 168 | 81 | | 48% |
| Државни | 145 | 72 | 86% | 50% |
| Скопје | 89 | 46 | 61% | 52% |
| Штип | 14 | 4 | 10% | 29% |
| Битола | 16 | 5 | 11% | 31% |
| Охрид | 7 | 6 | 5% | 86% |
| Кичево | 1 | 1 | 1% | 100% |
| Тетово | 15 | 8 | 10% | 53% |
| Пробиштип | 3 | 2 | 2% | 67% |
| Приватни | 23 | 9 | 14% | 39% |
| Скопје | 12 | 3 | 52% | 25% |
| Тетово | 9 | 6 | 39% | 67% |
| Куманово | 2 | 0 | 9% | 0 |

*Табела бр.1 „Запишани студенти во Република Македонија“; Извор: Завод за статистика на РМ*

Во табелата бр. 1 е наведено колкав е бројот на запишани студенти Роми во Република Македонија. Табелата е направена од нашиот тим врз основа на преземените податоци од Заводот за статистика. Во првата колона се запишани градовите каде што има запишани студенти Роми според државните и приватните факултети, а бројот на вкупно студенти и колку од нив се жени во третата и во петтата колона.

Во четвртата колона е процентот на студенти Роми по градовите од државните и приватни факултети од вкупно запишаните Роми во Република Македонија (ред 1, колона 3). А петтата колона претставува колкав дел од нив се жени. Со оглед на тоа дека примерокот се планира да биде квотен, се предлага следнава структура на примерок.
Формулата по која е пресметан примерокот е следнава:

$$\text{Sample Size} = \frac{\frac{z^2 \times p(1-p)}{e^2}}{1+\left(\frac{z^2 \times p(1-p)}{e^2 N}\right)}$$

Со користење на формулата дојдено е до бројка од 118 студенти кои треба да бидат анкетирани и како би требало да изгледа популацијата според овие параметри одделени од претходната табела бр. 1

*Табела бр. 2 Популација на истражување*

| | 2015 / 2016 | | Процент | |
|---|---|---|---|---|
| | Запишани вкупно | Жени | Запишани вкупно | Жени |
| Вкупно | 118 | 57 | | 48% |
| Државни | 101 | 50 | 86% | 50% |
| Скопје | 62 | 32 | 61% | 52% |
| Штип | 10 | 3 | 10% | 29% |
| Битола | 11 | 3 | 11% | 31% |
| Охрид | 5 | 4 | 5% | 86% |
| Кичево | 1 | 1 | 1% | 100% |
| Тетово | 10 | 6 | 10% | 53% |
| Пробиштип | 2 | 1 | 2% | 67% |
| Приватни | 17 | 7 | 14% | 39% |
| Скопје | 9 | 2 | 52% | 25% |
| Тетово | 7 | 5 | 39% | 67% |
| Куманово | 1 | 0 | 9% | 0 |

Меѓутоа истражувачкиот тим сакаше само да се задржи на градовите Скопје, Тетово и Штип каде што студираат најголемиот дел од студентите и од каде се добива 59% од популацијата на истражување од целата држава, односно тоа изнесува вкупно 99 студенти. Тие се претставени во следнава табела според година на студирање.

| Град | Скопје | Штип | Тетово | Кочани | Вкупно во години |
|---|---|---|---|---|---|
| Студенти од прва година | 27 | 4 | 7 | / | 38 |
| Студенти од втора година | 18 | 1 | 6 | / | 25 |
| Студенти од трета година | 22 | 1 | 3 | 1 | 27 |
| Студенти од четврта година | 9 | / | / | / | 9 |
| Вкупно во градови | 76 | 6 | 16 | 1 | 99 |